Сепак, одржливоста на овие операции многу варира, со многу практики кои водат до прекумерна експлоатација на шумските ресурси. Нелегалната сеча, која се случува без соодветно овластување или со кршење на законите за животна средина, е уште попогубна. Често се поврзува со корупција, слабо владеење и организиран криминал, што го прави особено предизвикувачки проблем за решавање. Побарувачката за дрво со висока вредност, како што се махагони и тиково, ги поттикнува активностите на нелегалната сеча, што доведува до губење на вредни и често незаменливи шумски екосистеми.

Развојот на инфраструктурата е уште една главна причина за уништување на шумите. Додека земјите се обидуваат да ги модернизираат и прошират своите економии, тие инвестираат во инфраструктурни проекти како што се патишта, автопати, брани и урбан развој. Овие проекти често вклучуваат расчистување на големи површини од шума за да се отвори простор за изградба. Развојот на патиштата, особено, има каскаден ефект врз уништувањето на шумите, бидејќи ги отвора претходно недостапните шумски области за сеча, земјоделство и населување. Во многу случаи, изградбата на патишта доведува до фрагментација на шумите, создавајќи изолирани делови од шуми кои се поранливи на понатамошна деградација и загуба. Дополнително, инфраструктурните проекти може да доведат до раселување на домородните заедници и дивиот свет, што дополнително ги влошува социјалните и еколошките влијанија од уништувањето на шумите[12].

Рударството и екстракцијата на ресурси исто така играат значајна улога во поттикнувањето на уништувањето на шумите. Извлекувањето на минерали, нафта и гас бара расчистување на големи површини од шуми. Рударските операции не само што резултираат со директна загуба на шумите, туку придонесуваат и за загадување, деградација на почвата и контаминација на водата, што дополнително ја деградира околината. Побарувачката за минерали како злато, бакар и боксит доведе до зголемување на рударските активности во шумските региони, често со катастрофални последици за локалните екосистеми и заедници.

Генерално, уништувањето на шумите, расчистувањето или проретчувањето на шумите во големи размери, е проблем со длабоки еколошки, социјални и економски

---

[12] Setiono, B., and Husein, Y. Fighting forest crime and promoting prudent banking for sustainable forest management. Centre for International Forestry Research (CIFOR) Occasional Paper No, 44, 2015

последици. Еден од критичните аспекти на уништувањето на шумите е неговата поврзаност со еколошкиот криминал. Еколошкиот криминал, во овој контекст, се однесува на незаконски активности кои и наштетуваат на животната средина, вклучувајќи нелегална сеча, грабеж на земјиште и неовластено пренамена на шумско земјиште за земјоделство или други цели. Разбирањето на причините за уништувањето на шумите од перспектива на еколошкиот криминал е од суштинско значење за развивање ефективни стратегии за борба против овие деструктивни активности и заштита на шумите во светот. Истите се детално објаснети во продолжение на трудот[13].

### 2.2.1. Нелегална сеча

Терминот „нелегална сеча“ се однесува на кршење на законот во која било точка вдолж ланецот на снабдување со дрвни производи, на пример, добивање на дозвола за сеча преку корумптивни процеси, сеча според незаконски стекнато одобрение за сеча, надминување на дозволените количини за сеча, работа во шума без лиценца и договор, даночно затајување и извоз на производи без плаќање на извозни давачки итн.

Дополнително, нелегалната сеча вклучува незаконско копачење на шуми за други намени на земјиште како што се земјоделство, рударство или инфраструктура, во праксата позната како „нелегална трансформација на шума и шумско земјиште“. Друг аспект на нелегалната сеча е „бесправно сечење на дрвја“ што вклучува поединци кои често пати сечат шума за сопствена потреба и кои можеби работат незаконски заради предизвиците и неможноста да ги исполнат сите административни процедури и барања од Законот за шуми. Ова може да се случи затоа што делови од законодавство се непрецизни или затоа што работењето според одредбите од законот е или премногу скапо или вклучува долги бирократски процеси кои се недостапни за нив.

Најчестите форми на нелегални активности во шумарството во Северна Македонија се следните:

- Сеча без дозвола од државни шуми;
- Кражба на дрва или бесправна сеча од државни или приватни шуми;

[13] Thompson, S.T., Magrath, W.B. Preventing logging. For Policy Econ 128:102479, 2021

- Лажно пријавување на количини, видови, вредности или потекло на исеченото дрво;
- Поткуп на одговорни лица за да се добие дозвола за сеча;
- Намерно предизвикување пожар за прикривање на нелегални активности; и
- Намерно предизвикување пожар за иницирање на принудна (санитарна) сеча и добивање на дрво по пониски цени од пазарните.

Илегалната сеча е сериозен и долгорочен проблем. Според некои експерти, обемот на незаконско посечено дрво во Македонија се движи од 25-30% од вкупната количина на посечено дрво во дадена година. Според податоците на МЗШВ, во периодот од 2008-2017 година, количината на вкупно нелегално посечено дрво изнесува 169.206 м3,. Додека според шзвештајот за состојбата на животната средина, објавен во 2020 година од соодветното министерство, штетите во шуми предизвикани од нелегална сеча во периодот од 2010 до 2019 година се зголемени за 3,9 пати. Штетата во 2010 година била најмала и изнесувала 11.557 м3, а својот врв го достигнува во 2019 година, со вкупна исечена дрвна маса од 45.795 м310. Според Годишниот извештај за работењето на Јавното Претпријатие „Национални шуми“ во 2021 година, проценката на бесправно посечената дрвна маса на територијата со која стопанисува ЈПНШ за 2021 година изнесува 23.514 $m^3$, чија вредност, според комерцијалниот ценовник изнесува 22.772.852,21 денари. Оваа количина изнесува околу 6% од вкупната регистрирана сеча организирана од ЈПНШ во 2021 година, но сепак е значително помала од проценетата бесправна сеча на територијата на Македонија. Во текот на 2021 година шумочуварската служба поднела 29 кривични и 186 прекршочни пријави против затекнати сторители. При тоа се одземени вкупно 1.077,90 $m^3$ дрвна маса.

Генерално, илегалната сеча која во принцип се врши нестручно, може да нанесе големи штети и последици за шумскиот екосистем. Нелегалната сеча претставува значителна закана бидејќи придонесува за процесот на исчезнување и деградација на шумите, ја загрозува биолошката разновидност во шумите и го нарушува одржливото стопанисување, влијае на режимот на водите, промена на микроклимата, предизвикува економски загуби, вклучувајќи и економски потешкотии на бизнис субјектите кои работат во согласност со релевантните законски прописи. Илегалната сеча, исто така, доведува до проширување на голините, појава на процеси на ерозија и разни климатски условени

непогоди и поплави. Покрај тоа, тие имаат негативни последици во социјална, политичка и економска смисла и често го забавуваат економскиот напредок, го загрозуваат одржливото стопанисување со природните ресурси како и го загрозуваат квалитетот на животот на локалните заедници зависни од шумата.

Во Законот за шумите се пропишани и прекршочни казни во однос на штетата што ќе биде направена при користењето на шумите или при нелегална сеча. Па така во зависност од прекршувањето на членовите од Законот казните за правни лица се движат во висина од 2.000 до 15.000 евра, односно од 1.500 до 4.000 евра за физички лица[14].

### 2.2.2. Корупција

Корупцијата во владините институции е главен поттикнувач на еколошкиот криминал и уништувањето на шумите. Во многу земји, корумпираните службеници може да примаат мито за да ги игнорираат нелегалните активности, да издаваат лажни дозволи или да ја олеснат незаконската трговија со дрва. Ова го поткопува владеењето на правото и дозволува уништувањето на шумите да продолжи неконтролирано. Во регионите каде што корупцијата е неконтролирана, еколошките регулативи често се слабо спроведени, што им олеснува на дивите дрвосечачи и на грабнувачите на земјиште да работат неказнето.

Генерално, корупцијата се смета за еден од главните двигатели на илегалната сеча и најважниот фактор кој ја овозможува незаконската трговија со дрво. Таа се протега и може да се сретне низ целиот ланец (Value chain) на движење на производот:. Ланецот на движење на производот во шумарството воглавно се состои од следните фази:

- Сеча
- Дотур
- Транспорт
- Продажба

Корупцијата во фазата сеча е обично поттикната од недостаток на институционален капацитет за следење и спроведување на постапките предвидени со постојната законска

[14] РЕФОРД - Регионален центар за шумарство и рурален развој. ФИФА – Борба против нелегални активности во шума. Скопје, 2023

рамка и внатрешна регулатоива или пак намерно неспроведување на истата. Покрај тоа, постои и ниско ниво и култура на транспарентност и отчетност, не-вклучување и не-учество на граѓанското оптштество и севкупно слабо владеење на правото. Честопати тоа е придружено со коруптивни плаќања на клучни функционери и политичари за да делуваат на намалување на фунционалноста на системот, со што ја лишуваат државата од витални ресурси. На овој начин се стимулира зајакнувањето на таканаречени маѓепсан круг на слабо владеење и корупција.

Нелегалната сеча, која се темели на корупција и организиран криминал како главни двигатели, е на врвот на рангирањето на еколошките криминали со проценета вредност од 50-152 милијарди долари годишно. Ова ја прави корупцијата во уништувањето на шумите како неверојатно профитабилна за инволвираните, а од друга страна многу деструктивна за државите/заедниците кои подлежат на оваа девастација, вклучувајќи ја и планетата Земја. Во обидите за дефинирање на корупцијата или обидот да се стави во една рамка, идентификувани се два подтипа и тоа: Економска корупција, која вклучува материјални придобивки (готовина, службени позиции, движни и недвижни работи) и Социјална корупција, која генерално вклучува нематеријални добра како што се услуги, социјален статус или моќ[15].

Корупција во шумарскиот сектор може да биде и на високо ниво, бидејќи честопати политичарите можат да влијаат врз доделувањето на дозволите за сеча. Постојат примери каде политичарите може дури и да влијаат врз органите одговорни за проверка на незаконското однесување. Тоа понатака се рефлектира и на пониско ниво, каде службениците одговорни за спроведување на законот замижуваат пред дивата сеча или транспорт на нелегални дрва поради страв од компромитирање на своето работно место или друг вид на закана или пак тоа го прават во замена за одредена компензација (најчесто финансиска). Од друга страна, не се ретки примерите кога службениците се оставени да се борат сами против нелегалните активности, со лимитирани ресурси и не се во можност да спроведат извршување на законската регулатива[16].

[15] РЕФОРД - Регионален центар за шумарство и рурален развој. ФИФА – Борба против нелегални активности во шума. Скопје, 2023

[16] Кире Шарламанов. Водич за еколошка антикорупција. ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија. Скопје, Декември 2023

Република Северна Македонија не е имуна на појавите на корупција кои најчесто се присутни во шумарскиот сектор на глобално ниво. Во ланецот на производство на дрво од државни шуми најчесто се вклучени мали приватни претпријатија кои имаат лиценца за извршување на шумско-културни работи (сеча, дотур) на основа на договори, по претходно спроведена јавна тендерска постапка. Во принцип, главните негативни појави кои се појавуваат при работењето на овие компании е:

- непочитување на законски пропишаните услови за сеча (сеча на неозначени стебла, сеча на локација каде не е предвидена сеча и прикажување на потекло на дрвото од друга локација каде е дозволена сеча, неквалитетно соборување на стебла и притоа соборување и оштетување на неозначени стебла итн);
- непочитување на законски пропишани услови за дотур (дотурање вон дотурни патишта, наранување на стоечки стебла при вршење на дотур, употреба на механизација низ целата површина на шумскиот насад, надвор од дотурните патишта, при што се оштетува подмладокот и поголем број на стоечки дрвја итн);
- непочитување на законски пропишани услови за превоз (несоодветност на натоварена количина со количината наведена во испратница, несоодветен опис на квалитетни класи на товарот и описот во испратница, нереално време за транспорт т.е давање на многу поголем рок за превоз од потребниот со што се отвора простор за реализација на две тури со една испратница, несоодветен час и датум во испратницата итн)[17];

Горенаведените прекршувања на законските прописи не би можеле да се реализираат без учество на надлежните технички лица од субјектите кои стопанисуваат со државни шуми, што укажува на широка палета на коруптивни појави на терен.

### 2.2.4. Несоодветни правни рамки и спроведување

Во многу земји, вклучително и Македонија, законските рамки со кои се регулира зачувувањето на шумите и користењето на земјиштето се несоодветни или слабо спроведени. Ова им овозможува на еколошките злосторства да процветаат, бидејќи незаконските активности може да се вршат со мал страв од кривично гонење.

[17] РЕФОРД - Регионален центар за шумарство и рурален развој. ФИФА – Борба против нелегални активности во шума. Скопје, 2023

Недостатокот на јасни права за поседување земјиште и преклопување на надлежните органи, исто така, може да придонесат за уништување на шумите, бидејќи повеќе страни може да бараат права на истото земјиште, што ќе доведе до конфликти и незаконско расчистување на шумите.

Дури и кога се во сила законите за заштита на животната средина, многу земји немаат ресурси и капацитет за ефективно да ги спроведат. Ова вклучува недоволно финансирање за агенциите за животна средина, недостаток на обучен персонал и несоодветни системи за мониторинг и надзор. Без ефективно спроведување, нелегалната сеча, пренамена на земјиштето и другите еколошки злосторства може да продолжат неконтролирани, придонесувајќи за широко распространето уништување на шумите[18].

## 2.3. Состојба на пустошењето на шуми во Република Северна Македонија

Република Северна Македонија се простира на површина од 2 543 200 ха од кои вкупната шумска површина изнесува 1.091.857,59ха, од кои 835.055,82ха се вкупно обрасната површина и 256.801,77ха необрасната шумска површина(голини). Додека постојат и уште 80 000 ха или 7,32% шуми и шумско земјиште со мало стопанско значење, за кои нема изработено Шумско -стопански основи. Во обрасната шумска површина влегуваат 255.444,74ха високостеблени шумски насади, 546.179,40ха нискостеблени шумски насади, 14.459,50ха шумски култури и 18.978,18ха се шикари. Вкупната дрвна резерва изнесува 75.939.573 м3, односно 91 м3/ха. Додека вкупниот годишен прират изнесува 1.616.782 м3, односно 1,93 м3/ха. Вкупниот предвиден етат за 10 години изнесува 10.948.149 м3, или годишно 1.094.815м3. Односно, неговата искористеност изнесува 75%. Согласно државен завод за статистика на Македонија, шумите во државна сопственост зафаќаат 90,14%од вкупната шумска површина, додека вкупното учество од дрвна резерва изнесува 92,20%. Приватните шуми зафаќаат 9,86%од вкупната шумска површина , со вкупно учество во дрвната резерва од 7,8%.

Генерално шумарството во Македонија е стопанска гранка која во Бруто Националниот Производ учесвува со 0,3 до 0,5 %, меѓутоа, ако се валоризираат општокорисните функции, придонесот е значително поголем. Стопанисувањето со шумите

[18] Le Billon, P., and Lujala, P. Environmental and land defenders: Global patterns and determinants of repression. Global Environmental Change, 65:102163, 2020

во Р.С. Македонија е засновано врз комплексност, многуфункционалност и трајност во производството, при што се води сметка за здравиот однос кон шумите, еколошките принципи за зачувување на животната средина и нега и обновување на шумите. Шумите зафаќаат скоро една третина од копното на Планетата Земја и по правило се наоѓаат на оние локалитети каде, заради неповолна клима, неплодно земјиште, непристапни терени и конфигурација на земјиштето, не се погодни за земјоделство производство или друга намена. Според прегледот на апсолутна вредност од 35% и релативна шумовитост од 0,47ха на жител, Македонија, со површина 2 571 000 ха и број на жители 1 909 000 и обраснато шемјиште 835.055,82ха, се наоѓа долниот дел на прегледите во регионот (пред Словенија и Црна Гора)[19].

Природните услови во Македонија условени од местоположбата, климата, релјефот, педолошко-геолошката градба на теренот, хидролошко-хидрографските карактеристики и друго, овозможуваат опстанок и развој на голем број растителни и животински видови, па поради тоа, се вбројува во земјите со богат биодевирзитет. Голем број на растителни и животински видови се реликти и ендемити. Дендрофлората на Р.С. Македонија ја сочинуваат 319 видови дрвја и грмушки со повеќе од 80 подвидови и вариетети во рамките на 119 родови и 54 фамилии, а 16% од вкупниот број на видовите се балкански ендемити или субендемити. Според досегашните истражувања шумските видови дрвја и грмушки формираат 81 шумска фитоценоза во рамките на 31 сојуз, 11 родови и 6 класи.

Врз основа на многубројните општокорисни функции на шумите во Македонија се позиционираат како дел од националното богатство, односно наследство. Потврда за тоа е Уставот на Македонија каде "сите природни богатства на Републиката, растителниот и животинскиот свет, добрата во општа употреба, како и предметите и објектите од особено културно и историско значење определени со закон се добра од општ интерес за Републиката и уживаат посебна заштита". Но и покрај ваквата правна поставеност, Македонија се соочува со проблемот на бесправна сеча во јавни шуми и забранети области, преку лажни декларации во врска со собирањето дрвна огревна маса до добивање одобрение за сечење преку мито. Еден од најпорозните разорувачки елементи на доброто стопанисување е придружено со проневера на пари, мито, трошење природни ресурси и

[19] Министерство за животна средина и просторно планирање. Шумарство анализа, 2022 (https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/01/8_Sumarstvo-spoeno-2022.pdf)

загадување. Тие придонесуваат за намалување на квалитетот на животот на многу локални заедници во Македонија. На локално ниво бесправната сеча е највидливиот дел од еколошкиот криминал, невозможен за одржување без знаење и согласност на оние што би требале да го сузбијат[20].

Според податоците на Глобал форест воч, од 2001 до 2023 година Северна Македонија изгуби 48 kха шумска покриеност, што е еквивалентно на намалување од 6.1% (Графикон бр.1). Односно, во 2010 година, Македонија имаше 584 kha природни шуми, што се протега над 25% од нејзината површина. Додека во 2023 година изгуби 2,63 kha природна шума. Шумските пожари и бесправната сеча се идентификувани како главни причини за уништувањето на шумите. Деградацијата на шумите е кривично дело според националниот Кривичен законик. Додека членот 226 предвидува дека „лице што, спротивно на регулатива или наредба од надлежните органи или организации, врши пренамена, сече или уништува шуми или подбелува дрвја или на друг начин опустошува шуми, ќе биде казнето со парична казна или затвор до три години“[21].




*Графикон бр.1 - Губење на дрвната покривка во Македонија (2001-2023) Извор:* [www.globalforestwatch.org](http://www.globalforestwatch.org)

Кривичното дело, пустошење на шумите во Македонија се состои во уништување на шумите, преку кршење на прописите и наредбите на органите за стопанисување со

---

[20] Шурбевски, Б. Здравствена состојба на шумите во Малешевско, unpublished. Шумарски факултет, Скопје, 2018

[21] Global Forest Watch, 2024

шумите и националното законодавство, односно секое дејство што ја намалува плодноста на шумите и со тоа ја загрозува или ја попречува трајноста на шумското производство во однос на шумската култивација на тоа земјиште, или го загрозува опстанокот на шумата од поголеми размери. Според Државниот завод за статистика, од 2010 година штетите во шумите предизвикани од бесправната сеча во Северна Македонија изнесуваат 245 118 м3.7 Сепак, многу експерти се скептични кон овие податоци, затоа што последниот попис на националниот шумски фонд бил спроведен во 1979 година.

Имено, бесправно исечените дрва се претежно огревно дрво, а цените на „црниот пазар“ за огревното дрво се многу пониски од оние на легално произведените. Во поголемиот број случаи мотив за бесправната сеча е стекнување нелегална добивка или препродажба на бесправно исечените дрва. Покрај тоа, криминалот и корупцијата во шумарството се толку напреднати што имаат сериозни последици за оваа индустрија. Бесправната сеча од страна на таканаречената „шумска мафија“ во одредени области на земјата е широко распространета. Се проценува дека големи суми пари се инвестирани во овој криминален бизнис, што дури ги прави „човечките животи поевтини од дрвната маса“. Некои процени покажуваат дека „бизнисот“ со бесправната сеча вреди повеќе од 60 милиони евра на годишна основа. Во некои случаи воспоставените криминални групи се одлучуваат да се откажат од поконвенционалните форми на криминал и да ги заменат со обемна бесправна сеча. На крајот на краиштата, пустошењето на шумите доведува до уништување на природните ресурси; загадување на околината; ерозии, поплави и свлечишта; штети на економскиот систем и ги ослабува пошироките структури на управување и владеење на правото[22].

### 2.3.1. Институционална поставенест и одговорности

Шумите во Македонија се регулирани со Законот за шумите. Владата стопанисува со државните шуми и со шумското земјиште преку следниве институции:

- *Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ);*

---

[22] Иван Стефановски, Александра Данаиловска, Мила Георгиевска. Пустошење на нашата иднина: Форми/Модели на организиран криминал во бесправната сеча во Република Северна Македонија, COBISS.MK-ID 53041157, 2020

- *Државен инспекторат за шумарство и ловство, како орган во рамките на МЗШВ – ДИШЛ;*
- *Шумска полиција, како сектор во рамките на МЗШВ - ШП;*
- *Јавно претпријатие „Национални шуми“ – ЈПНШ;*
- *Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);*
- *Национално здружение на сопственици на приватни шуми (НЗСПШ);*
- *Факултет за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ – ФШНПАЕ.*

Според Законот за шумите, постојат два вида сопственост на шумите – јавна и приватна. Со шумите во јавна сопственост управува ЈПНШ, освен со шумите во заштитените подрачја, со кои управуваат јавните институции „НП“. Со приватните шуми управува и Јавното претпријатие, затоа што сопствениците на приватните шуми немаат планови за стопанисување и мораат да добијат дозвола за секоја активност што се извршува во нивните шуми[23].

Од вкупните површини под шуми, уделот на шумите во државна сопственост изнесува 89,1 %, а во приватна сопственост – 10,9 %. Државниот инспекторат за шумарство и ловство во рамките на МЗШВ ги контролира сите правни лица што стопанисуваат со шумите. ДИШЛ има неколку надлежности, како што е контрола на целокупната сеча, спроведување на годишните планови и издавање одобренија за сеча. ДИШЛ поднесува пријави за бесправната сеча на ШП.

Следбено, Шумската полиција (ШП) ги штити шумите во државна и приватна сопственост во согласност со Законот за шумите и Деловникот. Должност на ШП е да ја чува шумата, да интервенира, да спречува, да идентификува и да апси лица затекнати во извршување прекршоци или кривични дела во врска со шумите и да ги прегледа сите средства со кои се превезуваат дрва и други шумски производи. Исто така, ШП ги документира лицата што превезуваат дрва и, доколку немаат соодветни документи, ШП може привремено да им ги одземе превозните средства и да поднесе кривични пријави против прекршителите. Во процесот на конфискација ШП применува различни стратегии,

[23] Р.Македонија. Закон за шумите (Сл. весник на РМ бр. 47/97), чл. 45, 2017

но сѐ уште се соочува со големи предизвици, бидејќи дрвосечачите се добро организирани и опремени[24].

| Година | Огревно дрво (м3) | Техничко дрво (трупци) (м3) | Друго техничко дрво (м3) | Неконфискувана дрвна маса (м3) |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 91 | 1 | 0 | 28 |
| 2011 | 1.954 | 214 | 39 | 2.982 |
| 2012 | 2.080 | 83 | 6 | 1.940 |
| 2013 | 3.019 | 175 | 7 | 2.328 |
| 2014 | 3.875 | 143 | 17 | 2.769 |
| 2015 | 6.242 | 235 | 98 | 2.630 |
| 2016 | 2.095 | 3 | 59 | 737 |
| 2017 | 2.077 | 163 | 18 | 772 |
| 2018 | 2.075 | 71 | 21 | 1.120 |
| 2019 | 2.309 | 0 | 0 | 235 |
| 2020 | 857 | 62 | 7 | 143 |

*Табела бр.3 - Бесправно стекната дрвна маса запленета од Шумската полиција од 2010 до 2020 година*

Во периодот од 2010 до 2020 година ШП конфискуваше вкупно 4238 возила и 6626 средства за сеча (како што се моторни пили, секири, приколки, прицврстувачи и друга опрема). Конфискуваната бесправно стекната дрвна маса во последните десет години изнесува 26927 м3, додека неконфискуваната бесправно стекната дрвна маса изнесува 15541 м3.

Покрај тоа, ШП поднесува кривична пријава доколку извршените активности за бесправна сеча го надминуваат износот од 1 м3. Честопати случаи на бесправна сеча се пријавуваат од шумските чувари или од мештани, но исто така, се случува овие случаи да се пресретнат за време на патрола. Неможноста на ШП веднаш да ги идентификува нелегалните дрвосечачи често е голем проблем. Исто така, дрвокрадците користат стари и нерегистрирани возила за да спречат големи загуби доколку тие им бидат запленети, а службениците на ШП честопати се изложени на закани, опасности и физички напади. Во периодот од 2010 до 2020 година ШП поднесе вкупно 43120 извештаи за бесправна сеча и вкупно 7734 пријави.

[24] Марина Малиш Саздовска. Прирачник за истаги кај еколошки кривични дела,Факултет за безбедност, Скопје, 2013

| Година | Основен суд | ОЈО | ДИШЛ | МВР |
|---|---|---|---|---|
| 2010 | 2.456 | 204 | 23 | 2 |
| 2011 | 2.056 | 183 | 17 | 9 |
| 2012 | 2.012 | 212 | 4 | 6 |
| 2013 | 2.624 | 273 | 12 | 7 |
| 2014 | 2.224 | 265 | 6 | 9 |
| 2015 | 1.833 | 322 | 6 | 66 |
| 2016 | 1.228 | 174 | 4 | 17 |
| 2017 | 1.204 | 187 | 1 | 29 |
| 2018 | 1.167 | 216 | 1 | 9 |
| 2019 | 909 | 171 | 0 | 29 |
| 2020 | 642 | 117 | 3 | 16 |

*Табела бр.4 - Поднесоци во врска со предмети и активни случаи поврзани со бесправна сеча, поднесени од Шумската полиција (2010 до 2020 година).*

Исто така, Министерството за внатрешни работи (МВР) е вклучено во процесот на борба против бесправната сеча, во согласност со Законот за шумите и Кривичниот законик. МВР има многу важна улога во процесот на спроведување на законите насочени кон заштита на животната средина и природата, според Уставот, Кривичниот законик, Законот за прекршоци и Законот за шумите. Не постои определен сектор во МВР кој се занимава со еколошкиот криминал во животната средина, а активностите за сузбивање на бесправната сеча се спроведуваат во синергија со другите засегнати страни, најчесто со Шумската полиција[25].

### 2.3.2. Состојба на кривични дела

Генерално, постои голема распространетост на кривичните дела поврзани со бесправната сеча во Северна Македонија кои дополнително се поттикнати од несериозниот пристап на институциите кои не ги пријавуваат или недоволно ги истражуваат овие дела. Кривичните дела поврзани со оваа проблематика, најчесто се концентрирани се концентрирани во одредени области или жаришта и се случуваат почесто во одредени часови од деновите, односно најчесто се случуваат кога е најтопло во

[25] Иван Стефановски, Александра Данаиловска, Мила Георгиевска. Пустошење на нашата иднина: Форми/Модели на организиран криминал во бесправната сеча во Република Северна Македонија, COBISS.MK-ID 53041157, 2020

текот на денот, или во текот на ноќта или рано наутро. Најзасегнатите области од бесправна сеча се прикажани на мапата подолу:




*Слика бр.2 – Мапа на најголема распространетост на кривичните дела поврзани со бесправната сеча во Македонија*

Согласно експертите, во Македонија се застапени две форми на кривични дела поврзани со бесправната сеча. Тие се мали кривични дела на бесправна сеча, водени од сиромаштија, кои вклучуваат сеча на огревно дрво за лична употреба, и бесправна сеча на дрвна маса што се спроведува од организирани криминални групи, кои вообичаено се придружени од огромен број поврзани кривични дела, вклучувајќи: поврзани злосторства (како на пример помагање или поттикнување на сторителот, учество во злосторничко здружување, примање украден имот итн.); кривични дела за остварување приходи (најчесто вклучуваат давачки што нелегалните дрвосечачи сакаат да ги избегнат); измама (т.е. намерно погрешно прикажување на материјалните факти, како што се видови, обем, класа итн.); мито и изнуда; злоупотреба на службената положба и овластување и фалсификување. Генерално, втората категорија кривични дела има посериозен интерес за оваа студија. Поради големата количина дрвна маса што треба да се собере, да се натовари, да се транспортира и да се продаде, бесправната сеча е тешко да се сокрие. Оттука,

невозможно е да се одвива голема незаконска активност поврзана со бесправна сеча без изречно или имплицитно одобрување од органите за заштита на шумите.

Најголем проблем со кривичното дело пустошење на шумите е проследено со обемна корупција во сите фази на стопанисувањето со шумите. Политичкото влијание и подмитувањето се најчестите криминогени елементи кои се користат за да се овозможи сеча без соодветни дозволи или за да се добие пристап до шумите. Доплнително, честопати службените лица се поткупени за да дозволат транспорт на бесправната сеча на дрвната маса, но и свесно дозволуваат корупциски трансакции со цел обработка и тргување со тоа огревно дрво откако ќе биде исечено. Ова кривично дело вклучува и поткупување на овластените лица што издаваат потврди за да се подбелат бесправно набавените дрва. Исто така, судската корупција го попречува гонењето на таквите прекршоци, а одредени службени лица, исто така, се корумпирани за да се сокријат доказите и да се одржи нелегалната трговија со дрва[26].

Исто така, приватната добивка од шумарската корупција не мора да биде парична, и честопати јавните службеници настојуваат да ја консолидираат политичката моќ или да стекнат длабоко влијание во блиските околни подрачја. Вклучувањето на припадниците на локалните заедници обично се стекнува со стимулации/мотивации или принуда и закана придружена со насилство. Дополнително, сторителите имаат тенденција да бидат насилни и да користат огнено оружје. Ова ги прави службениците прилично ранливи и може ненамерно да станат дел од синџирот на организираниот криминал, затоа што се спречени ефективно да ги извршуваат своите должности.

Во Македонија, честопати кривичното дело се надополнува со сеча на дрва по пожар. Целите е да се исчисти отпадот, изгорените трупци, како и да се дозволи да излезе чадот што ја исполнува шумата. Самиот чин на пост пожарна санација вклучува истенчување, кастрење и отстранување на дрвниот отпад, додека ЈП Македонски Шуми има задача да организира санација на погодената област откако ќе се случи пожарот. Оттука, ваквата санација често се појавува неколку години по пожарот и таа е спроведувана во многу поголеми размери (поголем дел од шумата бил отсечен) отколку површината што првично била зафатена од пожар. Дополнително, се смета дека најчест

[26] Марина Малиш Саздовска. Прирачник за истаги кај еколошки кривични дела,Факултет за безбедност, Скопје, 2013

предизвикувач на шумските пожари е таканаречената „шумска мафија", која ги подметнува шумските пожари за да оствари финансиска добивка со препродажба на дрвната маса исечена во погодената опожарена шума[27].

## 2.4. Пустошење шума во Малешевскиот регион

Во Македонија, вклучително и во Малешевскиот регион, пустошењето на шумите најчесто е поттикнато од структурните фактори, почнувајќи од лошото стопанисување со шумите, па сè до законски недостатоци. Односно, сиромаштијата и лошото стопанисување се некои од најзнчајните фактори што придонесуваат за развој на црниот бизнис со бесправната сеча. Причината за ова е што нелегално набавените дрва се вообичаено поевтини во споредба со легално набавените дрва. Дополнително, ваквиот факт се надополнува со лошото уредување и стопанисување со шумите, законите што се на сила не се доволни за решавањето на проблемите што произлегуваат од бесправната сеча. Ова резултира со ограничени ресурси и слаби институции, што пак резултира со несоодветно спроведување на законот.

Фокусот на спречување на пустошењето на шумите преку бесправната сеча се попречени од недостиг на персонал, инфраструктура и опрема на ЈП Национални Шуми, Шумската Полиција и МВР. Дополнително, службениците на Шумската Полиција примаат скромни плати во споредба со високата комерцијална вредност на дрвната маса и во однос на опасностите со кои секојдневно се среќаваат во својата работа.

Дрвокрадците во Малешевскиот регион имаат тенденција да бидат насилни и агресивни кон шумските чувари и полицајци и не се двоумат да користат огнено оружје. Од друга страна, полициските службеници тврдат дека е тешко да се одржи контролата врз локалните заедници, затоа што постои ниско ниво на доверба во полицијата. Иако правната рамка е определена со членот 226 од Кривичниот законик предвидува парични казни или казна затвор до три години,а ако делото е сторено по членот 226 став 1 и е извршено во заштитена шума, национален парк или во друга шума со специјална намена, сторителот ќе се казни со затвор од една до пет години. Ако делото од овој член го стори правно лице ќе се казни со парична казна, за овие кривични дела, казнената политика е блага. Дрвокрадците честопати завршуваат со прекршочни пријави, а судовите ретко

[27] МаринаМалиш Саздовска. Пустошење на шумите во Република Македонија. Зборник на трудови од III Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, 06-09.10.2007, Струга, 2008

изрекуваат соодветни парични казни и честопати казните не претставуваат значителна пречка за одвраќање од овој вид криминал[28].

Од економски аспект, самата понуда и побарувачка за огревно дрво е уште еден клучен двигател на бесправна сеча. Експертите за шумарство тврдат дека ЈП Национални Шуми едвај може да обезбедат половина од побарувачката за огревно дрво во Македонија. Овој факт го поттикнува криминалот на нелегалните дрвосечачи организирани во хиерархиски криминални групи да го завземат пазарот со нелегално набавено дрво. Дополнително, многу од граѓаните не веруваат дека со купување нелегално исечено дрво учествуваат во кривични дела и дополнително го потхрануваат организираниот криминал. Напротив, многу од крајните корисници веруваат дека државните институции не успеале да им обезбедат ресурси за греење и дека нелегалните дистрибутери се на некој начин спасители на локалната заедница. Во многу случаи граѓаните не се свесни дека биле изманипулирани од нелегалните дистрибутери, кои честопати ширеле дезинформации дека ЈП Национални Шуми останало без огревни дрва или дека официјалните државни цени за огревното дрво се многу повисоки отколку што се навистина. Ова создава уште поголем простор организираните криминални групи да профитираат од проширувањето на криминалната активност.

Како причина за пустошење шумите во Малешевскиот регион е и недостатокот на централно греење и гасификација. Во Македонија, само централните градски области на главниот град, и мал број ограничени делови од поголемите градови имаат пристап до централно греење. Оттука, електричната енергија и дрвната маса претставуваат главни ресурси за греење. Земајќи предвид дека електричната енергија е значително скапа (со тренд на постојано поскапување) во споредба со просечните плати и животниот стандард, дрвната маса станува примарен избор на ресурс за греење, особено во помалите урбани области и во пошироките рурални региони. Ова е уште еден фактор што значително ја влошува појавата на бесправна сеча.

Малешевскиот регион ги опфаќа Малешевските планини, односно планинските области околу градовите Берово и Пехчево. Во источниот дел на Македонија. Малешевските Планини важат за неистражено царство со дива убавина. Поради густите

[28] Швајцарската агенција за развој и соработка. Пилот регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025, Програма за зачувување на природата, 2020

борови и дабови шуми и широките зелени пасишта, овој регион обично се нарекува „мала Швајцарија". Малешевските Планини се опкружени со борови, букови и дабови шуми. Низ крошните и височините на дрвјата, нивните врвови го опколуваат Беровското Езеро и даваат чувство на недопрена убавина, која вреди да се види и да се доживее. Преку острината на планинскиот ветер, Малешевските Планини шират чист воздух со најголема концентрација на кислород. Покрај планините, долината на реката Брегалница е карактеристика на ова подрачје, заедно со бројните брзаци, малите и поголеми водопади, високи до 10 м по должината на коритото. Сепак, овие шуми се оштетуваат со години преку бесправна сеча[29].

Најпотиснатите жаришта се наоѓаат во близина на селата Двориште и Клепало. Двориште е сместено на само 20 км од Берово, на надморска височина од 940 метри, и се семта за едно од најубавите села во Малешево. Но, зад оваа навидум недопрена убавина се крие мрачната слика на уништените шуми. Генерално, бесправната сеча во оваа област ја извршува добро организирана група, која со години оперира во регионот на Малешево. Се проценува дека за еден или два дена се собираат до 300 м3 дрва. Според веб-порталот „Ден", дрвата се транспортираат со нерегистрирани камиони до блискиот град Струмица. Според веб-порталот „Ден", во шемата за бесправна сеча вклучени се и претставници на органите за спроведување на законот. Покрај тоа, интервјуираните засегнати страни укажуваат на практиката на намерно палење на шумски подрачја за да се спроведе санација на шумите. На овој начин нелегално набавените дрва може да се добијат на привидно легален начин.

Областа за санација и обновување е обично поголема отколку оштетената шумска област. Со шумите во овој регион управуваат ЈП Национали Шуми преку подружниците „Малешево" – Берово и „Равна Река" – Пехчево, со вкупна површина на шумско земјиште од 40007,26 ха. Во периодот од 2010 до 2019 година подружницата „Равна река" – Пехчево поднела вкупно 2 кривични пријави и 39 прекршочни пријави за бесправна сеча. Исто така, откриени се вкупно 411 случаи на бесправна сеча од непознат сторител. Дополнително, во периодот од 2010 до 2019 година подружницата „Малешево" – Берово поднела вкупно 16 кривични пријави и 39 прекршочни пријави за бесправна сеча. Исто така, откриени се вкупно 5214 случаи на бесправна сеча од непознат сторител. Според

[29] Марина Малиш Саздовска, Еколошка криминалистика, стр. 88, 2007

извештаите доставени од подружниците до централното седиште на Национални Шуми, има незначително мал број поднесени кривични пријави, а ОЈО во Берово не процесуирало никакви обвиненија за бесправна сеча во изминатите десет години[30].

Со оглед на тоа што нема попис и категоризација на шумските фондови, тешко е точно да се процени штетата предизвикана од бесправната сеча во оваа област. Се чини дека и покрај прекумерната сеча, шумските фондови се опоравуваат. Сепак, тоа се должи само на депопулацијата на регионот. Покрај бесправната сеча, во овие области се спроведува и голема законски регулирана сеча за снабдување со огревно дрво на другите градови во земјата.

Според локалните засегнати страни, локалното население нема апсолутно никаква корист од експлоатацијата на шумите, па оттука и ниското ниво на свесност. Локалното население е, исто така, предизвикано и од други социо-економски проблеми, грејната сезона трае подолго, а огревното дрво што го обезбедува Национални Шуми често не ги задоволува потребите на населението. Потребни се сериозни реформи во процесот на снабдување со огревно дрво, како и едукација и подигање на свеста за важноста на шумите и опасностите од бесправната сеча.

[30] Иван Стефановски, Александра Данаиловска, Мила Георгиевска. Пустошење на нашата иднина: Форми/Модели на организиран криминал во бесправната сеча во Република Северна Македонија, COBISS.MK-ID 53041157, 2020

# ГЛАВА 3: КРИВИЧНО ПРАВЕН АСПЕКТ НА ПУСТОШЕЊЕ ШУМА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 3.1. Поим и анализа на кривичното дело

Уништувањето на шумите во Северна Македонија стана итно еколошки и правно прашање во последниве години. Земјата, како и многу други во балканскиот регион, се соочува со значителни предизвици во балансирањето на економскиот развој со зачувувањето на животната средина. Шумите се едни од највиталните природни ресурси на Северна Македонија, покривајќи речиси 40% од вкупната површина на земјата. Тие обезбедуваат основни еколошки услуги, ја регулираат климата, ја зачувуваат биолошката разновидност и ги поддржуваат животите во руралните средини. Сепак, нелегалната сеча, неодржливото користење на земјиштето и слаботo владеење со животната средина доведоа до широко распространето уништување на шумите, што често се смета за еколошки криминал според македонското кривично право.

Пустошењето на шумите станува кривично дело кога вклучува незаконски активности како што се незаконска сеча, неовластено расчистување на земјиштето и прекршување на еколошките прописи. Овие дејствија често се водени од профитни мотиви, вклучувајќи актери како што се нелегални дрвосечачи, корумпирани функционери и организиран криминал кои ги експлоатираат шумските ресурси без да внимаваат на законот или животната средина[31].

Нелегалната сеча, на пример, е една од најраспространетите форми на криминал поврзан со шумите. Често се случува во оддалечените области каде што спроведувањето на законот е слабо, а шумите се сметаат за лесни цели за експлоатација. Често се вклучени организирани криминални мрежи, кои користат софистицирани методи за да избегнат откривање, како што се фалсификување дозволи или поткупување службеници. Оваа незаконска активност го поткопува владеењето на правото, придонесува за корупција и ги лишува владите од даночните приходи[32].

---

[31] Методија Ангелески и Борис Мургоски. Вовед во криминалистика, Факултет за безбедност, Скопје, 2017

[32] Андов Р. Криза на екологизмот, стр. 70, 2020

Генерално, кривичното дело Пустошење на шума се состои во пустошење на шума, спротивно на пропис или наредба на надлежен орган или организација, со нејзино пренаменување, сечење, копачење, подбелување на стебло или на друг начин. Објект на заштита се шумите, шумите со посебна намена, националните паркови, односно шумските насади. Под пустошење на шуми се подразбира: копачење на шуми, сеча на семенски стебла и насади кои не се предвидени со посебниот план; опожарување на шума; бесправна сеча на шума; лупење кора од стебла, уништување или оштетување на подмладок на шума или на садници во пошумени сечишта, голини, ерозивни и други земјишта; кастрење на стебла, собирање на листинец и други дејствија со кои се ослабува приносната сила или се загрозува опстанокот на шумата и нејзините општокорисни функции.

При извршувањето на кривично дело пустошење на шума, најчесто доаѓа до одреден степен на загадување или уништување на животната средина, и тоа со присуство на одредена количина штетна материја во воздухот, водата или во почвата, која количина претставува кривично дело доколку е над дозволената граница. Доколку таа концентрација на загадувачката материја, со текот на времето, или заради временските услови, се намали, а првичната не е утврдена со вештачење на местото на настанот, нема да постои еколошко кривично дело. Оттука од огромно значење е ситуациското вештачење кај овој вид на

[49] Методија Ангелески и Борис Мургоски. Вовед во криминалистика, Факултет за безбедност, Скопје, 2017

кривични дела, реализирано веднаш по добивање на сознание за кривичното дело, бидејќи на тој начин се утврдува дали постои кривично дело или не постои.

Посебно значаен аспект на целосното разјаснување на еколошките кривични дела – пустошење на шума имаат и криминалистичко - техничките односно форензичките испитувања. При тоа се започнува со увид на местото на настан, со цел утврдување дали постои кривично дело или не постои, утврдување на видот на кривичното дело, утврдување на докази, пронаоѓање и утврдување на идентитетот на жртвата, утврдување на видот и големината на штетата и контрола на одредени докази со кои располагаме. Често пати има потреба за ситуационо вештачење на местото на настанот или т.н. in situ вештачење кое се врши паралелно со вршење на увидот. При ова вештачење се врши подигање на примероци, кои со посебна мобилна опрема се вештачат на местото на настан. Како резултат од форензичките испитувања се изготвува записник, фотоалбум и сл. При оваа постапка најважно е да се обезбедат материјални докази, односно трагите кои се анализираат да имаат доказна вредност. На тој начин трагите имаат суштинска улога во откривањето на кривичното дело, идентификувањето на сторителот и изготвување на квалитена кривична пријава[50].

Генерално, значаен предуслов за ефикасно сузбивање на еколошкиот криминалитет се и соодветната организациска поставеност и кадровска екипираност на полицијата, за да може успешно да се одговори на поставените задачи на превентивен и репресивен план во заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

# ГЛАВА 5: БЕЗБЕДНОСЕН АСПЕКТ И СОВРЕМЕНИ ПРИСТАП НА ЗАШТИТА НА ШУМИТЕ ОД ПУСТОШЕЊЕ

## 5.1. Интеграција на безбедносни мерки во управувањето со шумите

Ефективното управување со шумите е од клучно значење за одржување на екосистемите, зачувување на биолошката разновидност и поддршка на локалните економии. Сепак, шумите се соочуваат со низа безбедносни закани, а интеграцијата на

[50] Dragovic, N. Ristic, R., Pulzl, H. анд Wolfslehner, B. Natural Resource Management in Southeast Europe: Forest, Soil and Water, 2017

безбедносните мерки во практиките за управување со шумите е од суштинско значење за да се ублажат овие ризици, да се заштитат шумските ресурси и да се обезбеди одржливо управување. Со инкорпорирање на безбедносни стратегии, институциите поврзани со шумите можат да ја подобрат отпорноста на шумските екосистеми, да промовираат зачувување и да придонесат за пошироки напори за заштита на животната средина.

Интегрирањето на современи безбедносни мерки во контекст на управувањето и безбедноста на шумите се спроведува преку неколку клулчни чекори. Тие се:

- **Инкорпорирање технологии за надзор и мониторинг**

Спроведувањето на напредни технологии за надзор, како што се далечинско набљудување, беспилотни летала и стапици со камери, може да помогне да се следат шумските области за нелегални активности. Далечинско набљудување може да открие промени во шумската покривка, дозволувајќи им на менаџерите брзо да идентификуваат нелегална сеча и навлегување. Беспилотните летала и замките за камери можат да обезбедат слики и податоци во реално време, што може да им помогне на властите брзо да реагираат на заканите[51].

- **Патрола и спроведување на законот**

Воспоставувањето редовни патроли од страна на обучени шумски чувари или чувари е од суштинско значење за спречување на нелегални активности. Овие патроли можат да покриваат големи површини и да служат како видлива пречка за ловокрадците и дивите дрвосечачи. Агенциите за спроведување на законот можат да соработуваат со локалните заедници и управителите на шумите за да ги спроведат прописите и ефективно да ги гонат прекршителите.

- **Вклучување на заедницата и свесност**

Ангажирањето на локалните заедници во напорите за управување со шумите и безбедноста е витална компонента на одржливото управување со шумите. Членовите на заедницата можат да дејствуваат како управители на шумите, да пријавуваат сомнителни

[51] Brantingham, P.L. and Brantingham, P.J. Environment, routine, and situation: Toward a pattern theory of crime. In: Routine activity and rational choice (pp. 259–294). Routledge, 2017

активности и да помагаат во напорите за следење. Едукативните програми кои ја подигнуваат свеста за важноста на шумите и последиците од нелегалните активности, исто така, можат да поттикнат чувство на одговорност и да промовираат одржливи практики[52].

- **Употреба на технологија за рано откривање**

Шумските пожари се значајна закана за безбедноста на шумите, особено во регионите подложни на шумски пожари. Интегрирањето на технологии како што се сензори за термичка слика, сателитски мониторинг и системи за рано предупредување може да овозможат рано откривање на пожари. Овие технологии обезбедуваат податоци во реално време, овозможувајќи им на менаџерите на шумите да реагираат навремено и да спречат ширење на пожари. Во Македонија е воведен сателитски мониторинг - Македонски информативен систем за шумски пожари наречен Макфис (MKFFIS) изработен во соработка со експерти од Јапонија. Преку овој систем, сите институции кои можат да предупредат и да спречат појава на пожари ќе бидат поврзани во еден систем[53].

- **Геопросторни информациски системи (ГИС)**

ГИС системите може да биде вредна алатка во управувањето со шумите, помагајќи да се мапираат и анализираат шумските области и да се идентификуваат ранливите зони. Со преклопување на безбедносните податоци, како што се локации на активности на нелегална сеча или инциденти со ловокрадство, менаџерите можат да ги таргетираат областите со висок ризик и поефикасно да ги распределуваат ресурсите. ГИС може да помогне и во планирањето на рутата за патроли и напори за следење[54].

- **Зонирање на заштитени подрачја**

Воспоставувањето зони во шумите со различно ниво на заштита може да ја подобри безбедноста. На пример, областите за зачувување на јадрото може да имаат строги контроли на пристапот, додека тампон зоните може да се користат за одржливо

[52] Le Billon, P. Peacebuilding and white-collar crime in post-war natural resource sectors. Third World Thematics: A TWQ Journal, 3 (1), pp.80–97, 2018
[53] Македонски информативен систем за шумски пожари - Макфис (https://mkffis.cuk.gov.mk/)
[54] Li, R. Buongiorno, J., Turner, J.A and Zhu, S., and Prestemon, J. Long-term effects of eliminating illegal logging on the world forest industries, trade, and inventory. For Policy Econ, 10(7-8), pp.480–490, 2018

екстракција на ресурси под строга регулатива. Зонирањето помага во управувањето со човековата активност во и околу шумските области, намалувајќи ја веројатноста за нелегални активности во чувствителните области.

- **Партнерства за соработка**

Ефективната безбедност на шумите бара соработка помеѓу повеќе засегнати страни, вклучувајќи владини агенции, невладини организации и локални заедници. Партнерствата можат да го олеснат споделувањето на ресурсите, знаењето и технологијата. На пример, партнерствата со институциите за заштита (Министерство за животна средина, МВР, Шумска Полиција, итн) може да обезбедат дополнителни средства за опрема за надзор, додека соработката со локалните власти може да ги подобри напорите за спроведување на законот.

Генерално, интеграцијата на безбедносните мерки во управувањето со шумите е од клучно значење за заштита на шумските ресурси и обезбедување на нивна долгорочна одржливост. Со искористување на технологијата, ангажирање на заедниците и поттикнување на соработка меѓу засегнатите страни, институциите за заштита и безбедност на шумите можат ефективно да се справат со низа безбедносни закани. Овие интегрирани стратегии не само што придонесуваат за зачувување на шумите, туку и поддржуваат пошироки еколошки цели, како што се борбата против климатските промени, заштитата на биолошката разновидност и промовирањето на одржливиот развој. Како што се развиваат безбедносните предизвици, континуираните иновации и инвестициите во безбедноста на шумите ќе бидат од суштинско значење за зачувување на овие витални екосистеми за идните генерации[55].

## 5.2. Предизвици согласно СОКТА извештаите

Еколошкиот криминал претставува се поевидентна и присутна појава во Македонија, но сепак е на маргините на општественото делување. Криминализацијата на кривичните дела во животната средина зема се поголем замав во нашата држава поради

[55] Министерство за внатрешни работи (МВР). Проценка на закани од организиран криминал – Среднорочен преглед, 2023

идентификувањето на криминалитетот во животната средина како едно од најпрофитабилните и најбрзо растечки области на меѓународна кривична активност, каде зголемена вклученост имаат и организираните криминални мрежи.

Македонија се соочува со значителни предизвици поврзани со еколошкиот криминал и уништувањето на шумите, кои ја загрозуваат нејзината еколошка стабилност и економски развој. Нелегалната сеча, шумските пожари и неодржливата експлоатација на природните ресурси се примарните придонесувачи за деградација на шумите. Министерството за внатрешни работи (МВР) изготвува извештај за Среднорочен преглед — СОКТА 2023 кој претставува системско дополнение на националната проценка на заканите од сериозен и организиран криминал и го следи циклусот на политики на ЕВРОПОЛ и дава поддршка за доследно имплементирање на моделот на ILP (Intelligence-led policing) до сите институции кои се надлежни и должни да постапуваат во овој домен. Во посебен дел е обработен и еколошкиот криминал, односно кривичното дело пустошење на шумите. Односно, овој извештај ја нагласува моменталната состојба, предизвиците и среднорочниот напредок во рамките на иницијативата СОКТА (Зајакнување на организираниот криминал и антитероризмот).

Генерално, во извештајот се потенцира фактот дека еколошкиот криминал продолжува да биде актуелна закана преку незаконско користење на природните ресурси, вклучувајќи го загрозувањето на животната средина и природата со отпад која бележипораст. Еколошкиот криминал е цврсто испреплетен со легалниот бизнис сектор, при што криминалните структури од областа успеваат да ги злоупотребат правните празнини и законодавните измени за нова криминална активност.

Криминалот со бесправно сечење и пустошење на шумите, вклучувајќи ги и кражбите на дрва, нелегалниот транспорт, преработката и незаконската продажба на дрва бележи намалувачки тренд, но истиоте сеуште се активни и причинуваат значителна штета на животната средина. Шумските ресурси и понатаму незаконски се користат за остварување на криминална цел, а покрај оштетувањето на материјалните и буџетските средства на државата, со уништуваоето на шумскиот фонд се предизвикуваат и долгорочни штети по екологијата.

Во текот на 2021 и 2022 Година, во контекст на бесправно сечење и пустошење на шумите регистрирани се 220 кривични дела, за што кривично пријавени се вкупно 294 сторители. Во рамки на откриените дела, запленети се 10.338,1 метри кубни бесправно исечена дрвна маса,а вкупната  материјалната штета е проценета во износ од над 12,6 милиони денари.

Временската динамика и модусите за извршување на криминалот со дрва остануваат без карактеристични промени во овој период, при што и понатаму посебно се критични модусите со корупција, а криминалната активност најчесто се извршува со други кривични дела, како што се злоупотребите и несовесното работење во службата, вклучувајќи ги делата кои се извршуваат со фалсификување на исправите. Криминалните структури кои делуваат во овој домен често користат контрамерки, и истите се агресивни и спремни да користат насилство кон службените лица.

Покрај ова, кај дел од откриените случаи соочени се елементи на неформална здруженост на повеќе лица, поради што се претпоставува и можност за организирано вршење на криминалната активност. Сепак, во овој период не се сузбиени организирани криминални групи кои делуваат во оваа област, но имајќи предвид дека еколошкиот криминал често се извршува со елементи на корупција и неформалназдруженост на лицата, претпоставена е можност за организирано делување и соработка со групите кои делуваат од областа на корупцијата и економскиот криминал. Генерално, според извештајот, во иднина не се очекува намалување на еколошкиот криминал, односно истиот и понатаму ќе биде присутен со појавни форми кои се детектирани во овој период[56].

Во контекст на кривичното дело, законите и нивното спроведување во пракса е од клучно значење за успешно спроведување со ситуацијата. Во таа насока, особено важни аспекти се начинот на откривање, истражување и гонење на овој вид на еколошки криминал, нивото на воведени санкции и нивото на приоритет на криминалот во животната средина. Генерално се идентификувани повеќе недостатоци кои зависат еден од друг или еден зајакнува друг:

- недостаток на статистички податоци,

[56] Министерство за внатрешни работи (МВР). Проценка на закани од организиран криминал – Среднорочен преглед, 2023

- недостаток на свест за обемот и влијанијата на криминалот,
- недостаток на приоритет на криминалот;
- недостаток на потребните буџети, човечки и финансиски средства за спроведување на законот кај надлежните органи,
- недостаток на специјализација и обука на органите за спроведување на законот, вклучувајќи обвинителство и судство,
- недостаток на соработка и комуникација помеѓу сите нивоа на националното ниво во синџирот на спроведување,
- недостаток на сеопфатна стратегија за борба против криминалот,
- ниско ниво на санкции воведени во пракса - повеќето кривични дела се санкционирани со парични казни наместо затвор,
- недостаток на усогласена практика за тоа како да се користат дополнителни санкции, олеснувачки и отежнувачки околности, конфискација и одземање,
- недостаток на необврзувачки насоки во врска со гонењето (исто така и во врска со разграничување на административните постапки) и изрекување казна,
- недостаток на минимални критериуми за инспекции и следење на усогласеноста на административно ниво.

Во овој контекст, повеќе од потребно е воспоставување на ефективен систем на санкции кој бара кривичните дела – Пустошење на шуми да се казнуваат со ефективни, пропорционални и моќни/разубедувачки кривични казни. Кривичните санкции треба да се сметаат како дел од системот за санкционирање, што исто така вклучува административни и граѓански санкции, како и дополнителни санкции. Но исто така, овои санкции потребно е соодветно ја одразува тежината на повредата и целта кој била посакувана да се постигне. Кривичната санкција го спречува сторителот да го повтори делото и спречи други потенцијални сторители да направат слично дело. Исто така важно е санкциите значајно да ги надминуваат придобивките што ги очекува сторителот. Секако, ефектот на одвратување на сторителите да не ги повторат таквите дела се состои и во строга практична

имплементација, високи стапки на откривање, ефективно и навремено гонење и осудување и казнување со примена на расположливиот опсег и нивоа на санкции[57].

## 5.3. Воспоставување на ефикасна еколошка антикорупција

Причините за корупцијата во областа на животната средина не се разликуваат многу од причините кои предизвикуваат корупција во другите области на општественото живеење, а тие вклучуваат непрецизно законодавство, непочитување на владеењето на правото, недоволно развиени еманципаторски вредности и почит кон правата на чиста и здрава животна средина на секој граѓанин, култура на неодговорност и нетранспарентност, ниско ниво на професионализам. Меѓу факторите кои создаваат предуслови за ширење на корупцијата спаѓаат нефункционалноста на судскиот систем, ниските примања на поединците кои работат во јавната администрација, недоволната институционална контрола на јавната администрација, зголемувањето на државниот интервенционизам во одделни полиња на опшественото живеење. Извештајот на ОБСЕ (2020) за Северна Македонија за 2019 година, покажува очигледен расчекор меѓу законската регулативна и јавно декларираните заложби за заштита и унапредување на животната средина и реалноста во која квалитетот на животната средина се доведува под прашање. Дополнително, еколошката корупција е значително присутна во поглед на пустошењето на шумите и се наметнува како една од главните фактори кои мора безбедносно да се контрилираат со цел да се намали стапката на овој вид еколошки криминал.

Корупцијата во областа на животната средина може да се појави во низа форми почнувајќи од поткуп и заштита на приватни интереси при проектирање на национални политики, па до спроведување на програми за заштита на животната средина. Значајна форма на корупција во областа на животната средина е издавањето на лиценци, дозволи и сертификати за користење на јавни добра поврзани со животната средина. Генерално, лицата кои потенцијално може да бидат вклучени во коруптивни практики се оние кои учествуваат во креирањето и носењето на политики во областа на живитната средина, лицата кои издаваат дозволи и сертификати за користење на ресурси и јавни добра, лицата кои ги котролираат политиките на заштита на животната средина како инспетори за

[57] Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА). Компаративна анализа на стратегии за справување со еколошки криминал, Скопје, Септември, 2021

заштита на животна средина и полицајци. Најчести форми на корупција во заштитата на животната средина се: злоупотреба на службената позиција, поткуп, тргување со влијание, откривање на класифицирана информација заради лична корист.

Превенцијата и спречувањето на корупцијата не се едноставни процеси и подразбираат ангажман на секој поединец и професионалец во дадената област. Првиот чекор во превенцијата на корупцијата мора да биде градење на довербата кон институциите одговорни за справување со корупцијата, а за да се направи тоа, самите институции мора да покажат функционалност, ефикасност и транспарентност во работата. Ефикасното решавање на случаите во кои постои сомнеж за корупција ќе им даде на граѓаните чувство дека институциите за превенирање и спротивставување на корупција се функционални, дека евентуалното пријавување на корупциски сличаи нема да има негативни реперкусии по нив. Добар пример во таа насока е полициската акција “Гора” во која СВР Битола- ОВР Прилеп, одделот за криминалистичка полиција и одделот за специјални полициски операции, со поддршка на ЈП Национални шуми и внатрешна контрола на ЈП Национални шуми, лишија од слобода девет полнолетни и седум малолетни лица од Прилеп, поради тоа што вршеле нелегална сеча на шума. Во акцијата беа одземени 6 моторни возија, 15 коњи, 6 моторни пили и 45 метри кубни дрвна маса. По документирањето на случајот на лицата им беа поднесени кривични пријави, по член 226 од кривичниот законик т.е. за пустошење на шуми.

На системско ниво, превенцијата на корупцијата подразбира изготвување и имплементација на стратегија за справување со корупцијата во областа на животната средина. Успешна стратегија за справување со корупцијата во областа на животната средина треба да биде системски мултисектроски и мултидимензионален документ. Треба да вклучува мерки на превенција и подигање на свеста за штетноста од корупцијата генерално и особено во областа на заштита на животната средина. Подигањето на свеста за штетните последици од корупцијата во областа на заштита на животната средина придонесува за одрживост на антикорупциските политики и намалување на просторот во кој се можни коруптивни практики[58].

---

[58] Кире Шарламанов. Водич за еколошка антикорупција. ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија. Скопје, Декември 2023

Препорачливите антикорупциски политики вклучуваат подобрување на транспарентноста и одговорноста во областите кои имаат импликации на животната средина, менување на законодавството во насока на намалување на недореченостите во истото, како и намалување на дискреционите права на чиновниците во јавната администрација, воведување на разумни еколошки стандарди и барања, поедноставување и рационалиација на административните процеси, учество на граѓаните во процесите кои вклучуваат надзор на работата на јавната администација во случаите кои може да имаат импликации по животната средина, сеопфатни кампањи за подигање на јавната свест за штетните последици од корупцијата генерално, а особено таа што има последици по квалитетот на животната средина и промоција на нетолеранција кон корупцијата.

Рационализацијата, односно поедноставувањето на процедурите може да биде значаен механизам за превенирање на корупцијата во областа на заштита на животната средина. Поедноставувањето ги прави процедурите јасни, го намалува обемот на интеракции меѓу заинтересираните страни и јавните службеници и го намалува просторот за субјективни интерпретации на регулативата. Исто така, како доста ефикасна алатка во борбата со корупцијата во областа на животната средина се покажува давањето на овластување на граѓани да го набљудуваат процесот на носење одлуки во областа на животната средина.

Со цел унапредување на областа за антикорупциско делување, потребно е во сите сегменти на администрација и општествено делување, каде што тоа е можно, да се воспостават процедури кои се дигитализирани. Ова е особено значајно заради избегнување на субјективното влијание при реализација на процеси, во рамки на кои може да има корупциски активности и дејанија. Дополнително, воспоставувањето на електронскиот систем за инспекција, т.н. Е-инспектор треба да биде една од алките во борбата против корупцијата, при што ќе овозможи случајна распределба на предметите, јакнење на независноста, професионалноста и транспарентноста. Овој систем ќе воспостави ефикасен контролен механизам преку кој ќе се намали можноста за субјективно влијание на инспекторите при вршењето на инспекциските надзори и контроли[59].

[59] Проф. д-р Марина Малиш Саздовска. Анализа на антикорупциската правна рамка во областа на животна средина. , ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија, Скопје, Декември 2023

# ГЛАВА 6: МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА

## 6.1. Методологија на истражување

Методологијата на истражување во овој магистерски труд ќе користи комбиниран пристап за да се добијат сеопфатни информации и разбирање за пустошењето на шумите во Малишевскиот регион. Овој пристап ќе инкорпорира и квалитативно и квантитативно собирање податоци преку два различни анкетни прашалници. Со примена на анкети насочени кон различни групи, истражувањето има за цел да ги истражи перспективите од поединци директно вклучени во заштитата на животната средина и шумите, како и од локалните граѓани директно погодени од уништувањето на шумите.

Овој магистерски труд ќе користи описен и истражувачки дизајн за да ја анализира моменталната состојба на еколошкиот криминал и уништувањето на шумите во Малешевскиот регион. Пристапот со мешани методи овозможува собирање на детални сознанија од професионалци и локални жители, со што се олеснува холистички поглед на прашањето. Два посебни анкетни прашалници ќе се користат за да се таргетираат различни групи учесници:

- **Прашалник 1:** Наменет за намерно избрани професионалци, вклучително и шумска полиција, вработени во Националните шуми, судии, обвинители, претставници од невладини организации фокусирани на еколошки прашања, претставници на општинскиот сектор од Малешевијата и надворешни експерти за еколошки криминал и уништување шуми. Опфатени се вкупно 25 професионалци, преку он-лајн прашалник испраќан директно на нивните Е-маил адреси. Прашалникот е составен од 10 прашања. Целосната форма е претставена во делот Прилози на магистерскиот труд.
- **Прашалник 2:** Наменет за локалните жители во областите на Малешевскиот регион погодени од уништување на шумите да ги разберат перспективите на заедницата за причините, влијанијата, свеста и потенцијалните превентивни мерки. Прашалникот се спроведе теренски преку споделување на прашалниците до 60 жители. Прашалникот е составен од 10 прашања, и целосната негова форма е претставена во делот Прилози на магистерскиот труд.

## 6.2. Предмет и цели на истражување

Предмет на ова истражување е испитувањето на еколошкиот криминал во Република Северна Македонија, со специфичен фокус на прашањето на пустошењето на шумите во Малешевскиот регион. Оваа студија има за цел да ги истражи природата и обемот на уништувањето на шумите како форма на криминал во животната средина, идентификувајќи ги факторите кои придонесуваат, правните предизвици и превентивните мерки поврзани со овој феномен. Со испитување на перспективите и од професионалците вклучени во заштитата на животната средина и од локалните жители погодени од уништување на шумите, истражувањето ќе обезбеди сеопфатно разбирање на проблемот и

неговите влијанија врз животната средина, економијата и општеството во Малешевскиот регион.

Врз основа на предметот на истражувањето се определени следниве цели на истражувањето:

- Да се идентификуваат и анализираат причините за уништување на шумите во Малешевскиот регион. Односно сите информации за примарните фактори кои придонесуваат за уништување на шумите, вклучително и нелегална сеча, регулаторни предизвици, социо-економски притисоци и празнините во спроведувањето на законите и безбедносните мерки.
- Да се определат перспективите на професионалците за заштита на животната средина, правните експерти и локалните жители за да ги разберете сложеноста и мотивите зад уништувањето на шумите во регионот.
- Да се процени свеста и ставовите на локалните жители кон уништувањето на шумите, од аспект на нивната свесност за еколошките, економските и социјалните влијанија од уништувањето на шумите, штетните ефекти од уништувањето на шумите и нивните мислења за потенцијалните решенија и превентивни мерки.
- Да се оцени ефективноста на постојните правни и регулаторни рамки. Односно, да се процени ефективноста на актуелните закони, политики и практики за спроведување поврзани со заштитата на шумите во Северна Македонија.
- Да се определи увид од професионалци, како што се шумската полиција, судиите и обвинителите, за предизвиците за спроведување и спроведување на законите за животна средина во контекст на шумските злосторства во Малешевскиот регион.
- Да се идентификуваат какви било напори за соработка помеѓу владините агенции, невладините организации и локалните заедници за да се спречи уништувањето на шумите и да се промовира зачувувањето во Малешевскиот регион.
- Да се предложат препораки за зајакнување на заштитата на шумите и намалување на еколошкиот криминал. Односно, да се дефиниараат препораки за подобрување на законските рамки, подобрување на механизмите за спроведување и зголемување на вклученоста на заедницата во зачувувањето на шумите.

- Да се определат стратегии за подигање на јавната свест, промовирање одржливи практики за користење на земјиштето и поттикнување партнерства помеѓу владата, и локалните заедници за ефикасна борба против уништувањето на шумите.

# ГЛАВА 7: РЕЗУЛТАТИ, АНАЛИЗИ И ПРОНАОЃАЊА

## 7.1. Добиени резултати од истражувањето

Првенствено се презентирани резултатите добиени од Прашалник бр.1, наменет за професионалците од дејноста. Истите се табеларно обработени во Ексел и претставени во поединечни графици.




*Графикон бр.2 – Приказ на мислењето на професионалците во однос на нивото на опустошување на шумите во Малешевскиот регион*

Во најголем дел, испитаниците одговориле дека постои високо ниво на опустошување на шумите во малешевскиот регион, односно 56% од нив. Следбено, во голем дел, 32% се изјасните дека постои високо ниво на опустошување на овој регион, додека само 12% се изјасниле дека опустошувањето е умерено. Оттука се потврдува негативната состојба на опустошување на шумите во Малешевскиот регион.




*Графикон бр.3 – Приказ на мислењето на професионалците во однос на причините на опустошување на шумите во Малешевскиот регион*

Како причини за пустошењето на шумите во Малешевскиот регион, професионалците во најголем обем ги издвојуваат нелегалната сеча (44%) и недоволното спроведување на законите (28%). Додека во помал обем ги издвојуваат екомоските притисоци (16%), корупцијата (8%), недостатокот на јавна свест (4%). Генерално, се потврдува податокот за причите за пустошењето на шумите, иако во поглем обем се очекува застапаноста на корупцијата.




*Графикон бр.4 – Приказ на мислењето на професионалците во однос на актуелните закони и регулативи за борба протув уништување на шумите*

Професионалците од областа сметаат дека законите и рекулативите се многу неефикасни (48%) и неефикасни (32%). Додека помал дел одговориле неутрално (16%) и дека имаат некаква ефикасност (4%).Генерално, експертите потврдуваат дека тековните закони, покрај измените сеуште се диференцираат како не доволно добри во контекст на оваа проблематика.




*Графикон бр.5 – Приказ на мислењето на професионалците во однос на главните предизвици со кои се соочуваат институциите во однос на уништувањето на шумите*

Како главни предизвици со кои се соочуваат институциите, во најголем дел професионалците ги издвојуваат: ограничените ресурси (32%), правни и регулаторни дупки (20%), недоволна меѓуагенциска координација (20%). Во помал обем ги издвојуваат несоодветната обука и експертиза (12%) и политичкото мешање (12%).




*Графикон бр.6 – Приказ на мислењето на професионалците во однос на улогата на невладините организации при пустошењето на шумите во Малешевскиот регион*

Генерално, согласно професионалците од областа, невладините организации немаат улога (52%) во спречувањето на пустошењето на шумите во малишевскиот регион. Ова е негативен податок ако се земе во предвид дека нивните заложби не доволно го даваат потребниот ефект. Следбено, голем дел од нив не се сигурни за нивната улога (24%), односно сметаат дека нивната улога е мала (20%).




*Графикон бр.7 – Приказ на мислењето на професионалците во однос на акциите за спречување на пустошењето на шумите во Малешевскиот регион*

Професионалците во најголем дел сметаат дека зголемувањето на казните за незаконските активности во најголем дел ќе имаат позитивен ефект, односно, оваа акција ја извоиле 40% од испитаниците. Но исто така, 24% од нив ги истакнуваат и зајакнувањето на мерките за извршување. Во помал дел ги издвојуваат зголемувањето на кампањите за подигнување на јавна свест (16%), поддршка за иницијативи за одржливо шумарство (12%) и зголемената вклученост на заедницата (8%). Генерално, може да се заклучи дека постои поделеност во ставовите, што потврдува дека иако имаат различен интензитет на ефикасност, сите акции имаат зналителна важност во подобрувањето на состојбата.




*Графикон бр.8 – Приказ на мислењето на професионалците во однос на нивото на соработка на владините тела и невладините оргсницсвии*

Во контекст на нивото на соработка на влдините тела и невладините организации, професионалците во најголем дел го истакнуваат како слабо (40%), односно многу слабо (32%). Додека помал дел од нив сметаат дека постои фер соработка, односно 20%, и дека нивното на соработка е добро 8%. Генерално, слабата соработка е очекувана и дополнително потврдена со одговорите на ова прашање.




*Графикон бр.9 – Приказ на мислењето на професионалците во однос дополнителните ресурси за справување со пустошењето на шумите во Малешевскиот регион*

Како дополнителни ресурси и поддршка, професионалците ја истакнуваат подобрената технологија на следење 32%, засилените правни рамки 28%, зголеменото финансирање 20%. Сите овие ресурси ќе придонесат за ефикасно справување на еколошките злосторства поврзани со шумите. Исто така, во помал обем ги истакнуваат и напредните програми за обука 8% и иницијативите за ангажман на заедницата 8%.




*Графикон бр.10 – Приказ на мислењето на професионалците во однос на степенот во кој заедниците го разбираат влијанието од уништување на шумите*

Професионалците во најголем обем сметаат дека локалните заедници лошо го разбираат влијанието врз животната средина од уништувањето на шумите, одосно 32 % од нив. Додека 28% сметаат дека степенот на разбирање е на умерено ниво, односно 20% сметаат дека воопшто не разбираат. Многу е помал делот од нив кои сметаат дека постои добро разбирање, 12%, и оние кои сметаат дека постои многу добро разбирање, 8%.

Десетото прашање се однесува на дополнителните чекори кои треба да ги преземат владата и локалните власти за да се намалат еколошките кривични дела поврзани со уништувањето на шумите. Формата на прашањето е од отворен карактер, а испитаниците ги потенцираат промовирањето на системот на ангажираност преку подигање на јавната свест, воспоставување на обуки и подршки за само справување. Понатаму ги издвојуваат одржливите практики и сертификатите од специјализираните лица, активно вложување во новите технологии за безбедност, инвестирање во пошумување, подобрување на транспарентноста и отчетноста и поттикнување на меѓународни партнерства и споделување знаење и вештини.

Следбено се презентирани резултатите добиени од Прашалник бр.2, наменет за локалните жители во областите на Малешевскиот регион. Истите, исто така се табеларно обработени во Ексел и претставени во поединечни графици.




*Графикон бр.11 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на моменталниото ниво на уништување на пумите во Малешевскиот регион*

Локалните жители, во најголем дел сметаат дека постои високо ниво на опустошување на шумите во малешевскиот регион, односно 46% од нив. Но исто така, голем дел од нив сметаат дека опустошувањето е многу високо, односно 30% од нив. Додека 17% сметаат дека опустошувањето е умерено, 5% дека е ниско и 2% дека е многу ниско. Генерално, одоговорите на жителите се поклопуваат со добиените одговори на професионалците кои идентично го истакнуваат нивото на опустошување на шумите во малешевскиот регион.




*Графикон бр.12 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на причините за уништување на пумите во Малешевскиот регион*

Локалните жители во најголем дел сметаат дека нелегалната сеча (35%) и недоволното спроведување на законите (27%) се главни причини за пустошењето на шумите во Малешевскиот регион. Но исто така, дел од нив сметаат дека економските притисоци (18%) и корупцијата (17%) се причина за пистошењето на шумите. Најмал дел од нив го истакнуваат недостатокот најавната свест (3%) како причина за оваа криминална појава.




*Графикон бр.13 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на законите и регулативите за борба против уништување на пумите во Малешевскиот регион*

Локалните жители во најголем дел сметаат дека актуелните закони и регулативи се многу ниеефиксасни (56%), односно неефикасни (22%). Оттука се потврдува фактот дека законската рамка е несоодветна и не се спроведува во правилен контекст. Во помал дел, локалните жители се неутрални во поглед на ова прашање (12%), или пак сметаат дека законите се ефикасни (7%) и многу ефикасни (3%).




*Графикон бр.14 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на причините за уништување на пумите во Малешевскиот регион*

Како главни предизвици со кои се соочуваат институциите, локалните жители ги извојуваат правните и регулаторните дупки (35%), ограничените ресурси и финансирање (22%), како и несоодветната обука и експертиза (17%) и политичкото мешање (17%). Многу мал дел ги издвојуваат недоволната меѓуагенциска координација (6%). Генерално, главните предизвици повторно во најголем дел се диференцираат од правен и економско-финансиски контекст, иако во сите предизвици се присутни имаат зналително влијание врз состојбата на пустошењето на шумите во Малешевскиот регион.




*Графикон бр.15 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на улогата на невладините организации во спречивање на пустошењето на шумите*

Локалните жители сметаат дека невнадините организации немаат улога (46%) во контекст на спречувањето на пустошењето на шумите во Малешевскиот регион, односно дека имаат само мала улога (32%). Помал дел од нив не се сигурни за нивната улога (15%), односно сметаат дека имаат умерена улога (7%). И овие податоци се поклопуваат со податоците од истражувањето на професионалците во контекст на пустошењето на шумите во малешевскиот регион.




*Графикон бр.16 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на акциите за спрелување на уништувањето на пумите во Малешевскиот регион*

Локалните жители сметаат дека зголемувањето на казните за незаконските активности (40%) и зајакнување на мерките за извршување (32%) во најголем дел ќе дадат ефект за спречување на пустошот на шумите во малешевскиот регион. Додека во помал обем, жителите ги истакнуваат и зголемувањето на кампањите за јавна свест (12%) поддршка на иницијативи за одржливо шумарство (8%) и зголемената вклученост на заедниците во зачувувањето (8%) ќе имаат позитивен придонес.




*Графикон бр.17 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на соработката на телата во контекст на уништувањето на пумите*

Локалните жители, соработката помеѓу владините тела и невладините организации го оценуваат како многу слабо, односно дури 62% од нив го имаат овој став. Додека помал дела од нив сметаат дека постои слабо ниво на нивна соработка (18%). Во најмал дел, локалните жители сметаат дека соработката помеѓу владините тела и невладините организации е добра (10%), односно дека е одлучна (7%) и фер (3%).




*Графикон бр.18 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на ресурсите за поддршка на агенциите за спрелување на уништувањето на пумите*

Од аспект на дополнителните ресурси или поддршка кои би биле од корист за агенциите за справување со еколошките злосторства поврзани со шумите, локалното население во најголем обем ги издвојуваат засилените правни рамки (37%) и подобрената технологија на следење (25%). Додека во помал дел ги издвојуваат иницијативите за ангажман на заедницата (18%), напредните програми за обука (8%), зголеменото финансирање (12%).




*Графикон бр.19 – Приказ на мислењето на локалните жители во однос на влијанието од уништувањето на шумите*

Локалните жители од Малешевскиот регион сметаат дека умерено го разбираат влијанието на животната средина врз уништување на шумите (35%), односно дека добро ја разбираат оваа проблематика (27%). Помал дел од нив сметаат дека многу добро го разбираат влијанието 15%), но и дека воопшто не го разбираат (15%). Најмал дел се изјасниле дека лошо го разбираат влијанието на животната средина од уништувањето на шумите (8%).

Десетото прашање има отворена форма и се однесува на сите дополнителни чекори кои треба да преземат владата и локалните власти за да се намалат еколошките злосторства поврзани со уништувањето на шумите. Од перспектива на локалното население, владата и локалните власти треба да дадат приоритет на вклучување на заедниците директно во иницијативите за заштита на шумите и обезбедување одржлива егзистенција. Прво, тие треба да ги подобрат програмите за образование и подигање на свеста кои се однесуваат на важноста на шумите и последиците од уништувањето на шумите врз локалните екосистеми и заедници.

Друг суштински чекор е да се создадат економски алтернативи кои ја намалуваат зависноста на заедницата од активности кои водат до уништување на шумите. Локалните жители исто така ја ценат транспарентноста и вклученоста во процесите на донесување одлуки. Владата треба да воспостави платформи за заедницата да учествува во дискусиите за управување со шумите и прашања поврзани со уништувањето на шумите, давајќи им на локалното население глас во изработката на решенија кои директно влијаат на нивниот регион. Исто така, спроведувањето построги казни за нелегални активности во шумите, во комбинација со јавно достапни механизми за известување ќе ја покаже посветеноста на владата за заштита на овие ресурси. Кога локалните жители чувствуваат дека нивниот глас се слуша и нивните потреби за егзистенција се почитуваат, поверојатно е дека ќе ги поддржат и ќе учествуваат активно во напорите за зачувување, поттикнувајќи одржлив баланс помеѓу економските потреби и заштитата на животната средина.

## 7.2. Анализи на истражувањето

Од добиените одговори од истражувањето спроведено кон професионалци од дејноста, вклучително и шумска полиција, вработени во Националните шуми, судии, обвинители, претставници од невладини организации фокусирани на еколошки прашања, претставници на општинскиот сектор од Малешевијата и надворешни експерти за еколошки криминал и уништување шуми се добиваат јасни и прецизни одоговри. Првенствено може да се забележи дека во најголем дел сметаат дека нивото на опустошување на шумите во Малешевскиот регион е на високо и многу високо ниво. Помал дел од нив сметаат дека нивото на опустошување е на умерено ниво. Додека никој од нив не смета дека нивото е ниско или многу ниско. Понатаму, професионалците од дејноста во најголем дел сметаат дека нелегалната сеча е основна причина за пустошењето на шумите во Малешевскиот регион. Исто така ги издвојуваат и недоволното спроведување на законите за животна средина, како и економските притисоци врз локалните заедници. Во помал обем како причини се издвојуваат корупцијата и недостатокот од владеењто на правото, како и недостатокот на јавната свест.

Професионалците од областа во најголем дел сметаат дека актуелните закони и регулативи во борбата против уништувањето на шумите во Северна Македонија се многу неефикасни. Следбено сметаат дека се неефикасни, а многу мал процент имаат неутрално

мислење и сметаат дека законите се ефикасни. Како главни предизвици со кои се соочуваат институциите при справувањето на активностите со уништувањето на шумите, професионалците ги издвојуваат ограничените ресурси и финансирањето, недоволната меѓуагенциска координација и правните и регулаторни дупки. Додека во помал дел ги издвојуваат несоодветната обука и експертиза и политичкото мешање. Професионалците од оваа област во најголем дел сметаат дека невладините организации во спречувањето на пустошењето на шумите во Малешевскиот регион немаат никаква улога. Додека помал дел не се сигурни во нивната улога и сметаат дека немаат никаква улога.

Во контескт на акциите за спречување на пустошот на шумите во Малешевскиот регион, во најголем дел професионалците сметаат дека најефикасна акција е зголемувањето на казните за незаконските активности. Исто така во значителен обем ги издвојуваат и зајакнувањето на мерките за извршување, зголемување на кампањите за јавна свест и поддршката на иницијативи за одржливо шумарство. Додека во помал обем ја издвојуваат акцијата за вклучување на зедницата од аспект на заштита на шумите. Следбено, во најголем дел професионалците сметаат дека е слабо и мнгоу слабо е нивото на соработка меѓу владините тела и невладините организации во борбата против уништувањето на шумите. Додека помал дел од нив сметаат дека постои фер меѓусебна соработа во оваа област. Само мал процент сметаат дека оваа соработка е на добро ниво.

Како дополнителни ресурси или поддршка кои би биле од корист за агенциите во справувањето со еколошките злосторства поврзани со шумите, професионалците во најголем обем ги издвојуваат подобрената технологија за следење, засилените правни рамки и зголеменото финансирање. Додека во помал обем ги издвојуваат напредните програми за обука и иницијативите за ангажманот на заедницата. Од аспект на степенот во кој локалните заедници го разбираат влијанието врз животната средина од уништувањето на шумите, професионалците сметаат дека е на лошо ниво или умерено ниво. Во голем дел сметаат дека воопшто не го разбираат, а во помал дел од нив сметаат дека добро и многу добро го разбираат.

Во контекст на сите дополнителни чекори кои треба да ги преземат владата и локалните власти за да се намалат еколошките кривични дела поврзани со уништувањето на шумите, професионалците потенцираат неколку клучни аспекти. Односно, ги

потенцираат промовирањето на системот на ангажираност преку подигање на јавната свест, воспоставување на обуки и подршки за само справување, воспоставување одржливите практики и сертификатите од специјализираните лица, активно вложување во новите технологии за безбедност, инвестирање во пошумување, подобрување на транспарентноста и отчетноста и поттикнување на меѓународни партнерства и споделување знаење и вештини.

Од добиените одговори од истражувањето спроведено кон локалните жители во областите на Малешевскиот регион погодени од уништување на шумите, првенствено може да се заклучи дека жителите во најголем дел сметаат дека е високо и многу високо нивото на опустошување на шумите во Малешевскиот регион. Помал дел од нив сметаат дека нивото е умерено. Додека многу мал дел од нив сметаат дека нивото е ниско и многу ниско. Во контекст на основните причини за пустошење на шумите во Малешевскиот регион, во најголем дел од лоселното население ги издвојуваат нелегалната сеча и недоволното спроведување на законите. Исто така, во голем дел од нив како причина ги издвојуваат економските притисоци врз локалната заедница, како и корупцијата. Додека во мал дел ја издвојуваат недостатокот на јавната свест.

Во контекст на ефективноста на актуелните закони и регулативи во борбата против уништувањето на шумите во Северна Македонија, локалното население во најголем дел сметаат дека законите се многу неефикасни, односно дека не се ефикасни. Додека во помал дел од нив се неутрални или мислат дека законите се ефикасни. Како главни предизвици со кои се соочуваат институциите при справувањето на активностите со уништувањето на шумите, локалните жители ги издвојуваат правните и регулативните дупки, ограничените ресурси за финансирање, политичкото мешање и несоодветната обука и експертиза. Додека во помал дел ја издвојуваат недоволната меѓуагенциска координација.

Според локалните жители, невладините организации во спречувањето на пустошењето на шумите во Малешевскиот регион немаат никаква улога, односно имаат многу мала улога. Добар дел од нив не се сигурни во нивната улога. Додека мал дел од нив сметаат дека имаат умерена улога. Во контекст на акциите кои би биле најефективни за спречување на пустошот на шумите во Малешевскиот регион, во најголем дел ги

издвојуваат зголемувањето на казните и зајакнување на мерките за извршување. Следбено ги издвојуваат зголемувањето на кампањите за јавна свест, зголемено вклучување на локалната заедница и поддршката на иницијативите за одржливо шумарство. Локалните жители, новото на соработка меѓу владините тела и невладините организации во борбата против уништувањето на шумите го оценуваат како многу слабо. Помал дел од нив сметаат дека нивото е слабо. Додека најмал дел од нив сметаат дека е фер, добро и одлично нивото на нивната соработка.

Локалните жители како дополнителни ресурси или поддршка кои би биле од корист за агенциите во справувањето со еколошките злосторства поврзани со шумите ги издвојуваат засилените правни рамки и подобрената технологија за следење. Следбено се издвојуваат иницијативите за ангажман на заедницата, како и зголементо финансирање и напредните програми за обука. Во контекст на степенот во кој локалните заедници го разбираат влијанието врз животната средина од уништувањето на шумите, во најголем дел од нив имаат умерено мислење. Додека во поголем обем сметаат дека се умерени, а во мал обем сметаат дека воопшто не ги разбираат, односно дека добро ги разбираат.

Генерално, локалните жители сметаат дека владата и локалните власти треба да дадат приоритет на вклучување на заедниците директно во иницијативите за заштита на шумите и обезбедување одржлива егзистенција. Сметаат дека треба да се создадат економски алтернативи кои ја намалуваат зависноста на заедницата од активности кои водат до уништување на шумите и да се прогресира транспарентност и вклученост во процесите на донесување одлуки. Исто така, спроведувањето построги казни за нелегални активности во шумите, во комбинација со јавно достапни механизми за известување ќе ја покаже посветеноста на владата за заштита на овие ресурси.

# ГЛАВА 8: ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1. Заклучни согледувања

Феноменот на еколошки криминал, особено уништувањето на шумите, претставува значаен предизвик во Република Северна Македонија. Оваа студија ги истражи факторите кои придонесуваат за уништување на шумите во Малешевијата, ги анализираше постојните правни и институционални рамки и ги испита улогите на различни засегнати

страни, од владините тела и агенциите за спроведување на законот до локалните заедници. Наодите од ова истражување ја нагласуваат сложеноста на справувањето со еколошкиот криминал во контекст каде што се вкрстуваат економските, социјалните и правните фактори, создавајќи предизвикувачки пејзаж за ефективно управување и зачувување на шумите.

Како едно од најшумените области во Северна Македонија, Малешево доживеа голема нелегална сеча и деградација на земјиштето, што доведе до негативни ефекти врз биолошката разновидност, регулацијата на водите и здравјето на почвата. Овие промени во животната средина, пак, влијаеја на егзистенцијата на локалните заедници кои зависат од шумите за економски активности, како што се земјоделството и туризмот, како и за ресурсите како огревно дрво. Губењето на шумската покривка во овој регион придонесува за ерозија на почвата, намален квалитет на водата и зголемена ранливост на климатските промени, што го прави зачувувањето на шумите клучно за заштита на животната средина и на отпорноста на заедницата.

Истражувањето во овој магистерски труд покажа дека постоечката законска рамка во Северна Македонија, иако се однесува на еколошкиот криминал, има значителни празнини кога станува збор за имплементација и спроведување. Законите за животна средина дизајнирани да ги заштитат шумите од нелегална сеча и други форми на уништување не секогаш се спроведуваат ефективно, делумно поради ограничените ресурси и делумно поради корупцијата во системот. Агенциите за спроведување, како што е шумската полиција, се соочуваат со предизвици во откривањето, гонењето и одвраќањето на незаконските активности, што овозможи уништувањето на шумите да продолжи главно неконтролирано во одредени области.

Дополнително, анализата сугерира дека посилна правна рамка со построги казни за еколошките злосторства, заедно со подобрена примена, би била суштинска мерка за намалување на активностите на нелегалната сеча. Дополнително, рационализираната координација меѓу различните владини агенции и зголемената транспарентност во спроведувањето на законот би можеле да помогнат во зајакнувањето на имплементацијата на законите за заштита на шумите во Малешевијата. Овие промени не само што ќе ги

одвратат нелегалните активности, туку и ќе ја подобрат довербата на јавноста во владините институции одговорни за заштита на животната средина.

Ова истражување ја истакна значајната улога што ја играат социо-економските фактори во поттикнувањето на уништувањето на шумите во Малешевијата. Економските притисоци, како што се сиромаштијата и ограничените можности за вработување, наведуваат некои локални жители да се вклучат или толерираат нелегална сеча како средство за егзистенција. Дополнително, недостатокот на свест за одржливите практики на шумарството ја влошува ситуацијата, бидејќи поединците можеби не ги разбираат целосно долгорочните влијанија од уништувањето на шумите врз животната средина и нивните заедници.

Решавањето на овие социо-економски фактори е од суштинско значење за намалување на еколошкиот криминал. Со обезбедување на алтернативни извори на приход, како што се работни места во екотуризмот или одржливото шумарство, владата може да помогне да се ублажат некои од економските притисоци кои придонесуваат за уништување на шумите. Понатаму, јавните образовни кампањи насочени кон зголемување на свеста за еколошките и социјалните влијанија од уништувањето на шумите може да помогнат да се поттикне културата на зачувување во локалните заедници. Ако жителите ја разберат критичната улога на шумите во нивните животи, тие може да бидат повеќе склони да учествуваат активно во напорите за заштита на шумите.

Еден од најперспективните наоди на ова истражување е потенцијалот на локалните заедници да играат активна улога во зачувувањето на шумите. Многу жители на Малешевијата се директно погодени од уништувањето на шумите и се подготвени да учествуваат во напорите за заштита на нивните природни ресурси. Сепак, недостатокот на структурирани платформи за ангажман на заедницата ја ограничи нивната способност да придонесат значајно во напорите за зачувување.

Поттикнувањето на управувањето со шумите засновано на заедницата може да ги поттикне локалните жители да преземат поактивна улога во зачувувањето на шумите. Програмите што ги вклучуваат членовите на заедницата во следењето и известувањето за незаконски активности не само што ќе им помогнат на агенциите за спроведување, туку и

ќе создадат чувство на заедничка одговорност за заштита на животната средина. Формирањето совети за шуми во заедницата, обезбедувањето финансиски стимулации за одржливи практики за користење на земјиштето и поддршката на локалните иницијативи за зачувување, сето тоа може да придонесе за поотпорен шумски екосистем.

Исто така, ова истражување исто така го истакна потенцијалот технологијата да игра трансформативна улога во управувањето со шумите. Алатките како што се сателитски снимки, надзор со беспилотни летала и Географски информациски системи (ГИС) можат да обезбедат податоци во реално време за шемите на уништување на шумите, овозможувајќи им на властите да реагираат побрзо на активностите на нелегалната сеча. Интеграцијата на таквите технологии во практиките за управување со шумите во Северна Македонија може значително да ги подобри способностите за следење и спроведување. Употребата на технологијата треба да биде придружена со напори за градење капацитети за да се осигури дека локалните агенции за спроведување ги имаат вештините и ресурсите неопходни за ефективно искористување на овие алатки. Програмите за обука за шумската полиција и другите засегнати страни би можеле да го олеснат усвојувањето на напредни технологии, правејќи го управувањето со шумите поефикасно и водено од податоците.

Врз основа на спроведеното истражување, може да се потврди посебната хипотеза „Присуството на организиран криминал и корупција (соработка помеѓу дивите дрвосечачи, корумпирани службеници и други засегнати страни) придонесува за овозможување, помагање и извршување на кривичното дело пустошење шума во Малешевијата. Начинот на спроведување на законите, постапувањето на институциите  и благата казнена политика, ги охрабрува  сторителите во извршување на кривичното дело Пустошење шума во Малешевијата. Овој податок се потврдува со одговорите на прашањата под број два од истражувањето. Следбено, се потврдува и посебната хипотеза „ Постои корелација помеѓу социо-економските фактори кои придонесуваат за зголемување на сиромаштијата, невработеноста и недостатокот на алтернативни средства за живот и инциденцата на уништување на шумите во Малешевијата“. Од спроведеното истражување се произнесува заклучокот дека постои високо ниво на сиромаштија и невработеност во регионот, постои зависност на локалните заедници од шумските ресурси за опстанок, но и отсуството на алтернативни средства за живот, што ги турка жителите кон учество во нелегални

активности. Оваа хипотеза се потвдува со одговорите од прашањата четири и девет. Исто така, се потврдува и посебната хипотеза „ Начинот на спроведување на законот, постапувањето на институциите и попустливата казнена политика ги поттикнуваат сторителите да го сторат кривичното дело Уништување шуми во Малешевијата“. Всушност, оваа хипотеза се потвдува со произнесените заклучоци дека постои слабото спроведување на постоечките закони за заштита на шумите, лошата координација помеѓу институциите одговорни за следење и регулирање на активностите за сеча и благите казни кои не успеваат да ја спречат дивата сеча, со ниска стапка на гонење и минимални казни за прекршителите. Односно, оваа хипотеза се потврдува со одговорите на прашањата три, шест и осум. Оттука се потврдува и генералната хипотеза „ Со кривичното дело пустошење шума во Малешевскиот регион на Република Северна Македонија, се нарушува природниот биодиверзитет на шумите, се врши голема материјална штета и се уништува шумскиот фонд на нелегален начин“. Всушност, самото истражување го истакнува фактот дека постои губење на биодиверзитетот, постојат финансиски загуби поради нелегална сеча и постојат бројни институционални неуспеси преку нивната улога во овозможување незаконски активности и влошување на деградацијата на животната средина.

## 8.2. Препораки за идно подобрување на состојбата

За да се одговори на повеќеслојното прашање на уништувањето на шумите во Северна Македонија со фокус на Малешевскиот регион, од истражувањата во магистерсиот труд произлегоа неколку препораки за идно подобрување на состојбата. Тие се:

- ***Зајакнување на правните рамки, зајакнување на спроведувањето на законот и казните:*** Реформа на постоечките закони за животна средина за да се затворат дупките и да се наметнат построги казни за нелегалната сеча. Подобрување на способностите на агенциите за спроведување со обезбедување дополнителни средства, ресурси и програми за обука, осигурувајќи дека тие се подобро опремени за ефективно да се справат со еколошките злосторства. Односно, инвестирање во обука и ресурси за шумската полиција и агенциите за спроведување. Обезбедувањето модерна опрема, како што се беспилотни летала и сателитски

мониторинг, кои ќе овозможат поефективен надзор и откривање на нелегални активности во оддалечените области. Исто така, воспоставување на измени кои ќе ги подобрат постојните закони за животна средина за да се наметнат построги казни за нелегална сеча и поврзани кривични дела. Овие измени треба да имаат за цел да ги одвратат прекршителите и да ја зајакнат пораката дека шумските злосторства се сериозни прекршувања.

- ***Промовирање одржливи алтернативи за живот:*** Развивање програми кои создаваат алтернативни извори на приход за локалните жители, како што се екотуризмот, одржливото земјоделство и шумските производи што не се дрвени. Поддршката на овие иницијативи може да ја намали економската зависност од нелегална сеча и да поттикне одржливи практики. На пример, формирањето групи за мониторинг на заедницата може да го подобри надзорот и да поттикне чувство на одговорност за шумските ресурси кај жителите. Фокусот е да се намалат економските стимулации за нелегална сеча, да се обезбедат алтернативи за локалните заедници
- ***Зголемување на вклученоста на заедницата и јавната свест, и поттикнување на образованието:*** Воспоставување структурирани платформи за ангажман на заедницата, како што се локални шумски совети и програми за волонтерски мониторинг. Спроведување на едукативни кампањи за подигање на свеста за важноста на зачувувањето на шумите, насочени кон училиштата, организациите во заедницата и локалните медиуми. Исто така, развивање едукативни кампањи за подигање на свеста за еколошките и економските трошоци од уништувањето на шумите. Целни училишта, локални организации и медиумски канали да шират информации за одржливите практики и важноста од зачувување на шумите.
- ***Искористување на технолошкиот напредок за следење и собирање податоци:*** Инвестирање во технологија како што се сателитски снимки, беспилотни летала и ГИС за да го подобрите следењето на шумите. Интегрирање на овие алатки во практиките на агенциите за спроведување и обезбедување обука со цел истите да се користат ефективно за откривање и спречување нелегални активности.
- ***Поттикнување на меѓународна соработка и размена на знаење:*** Со оглед на транснационалната природа на еколошкиот криминал, Северна Македонија треба

да соработува со соседните земји и меѓународните организации за справување со мрежите за нелегална сеча и споделување на најдобрите практики за зачувување на шумите. Еколошкиот криминал е глобален проблем, а Северна Македонија може да има корист од партнерствата со соседните земји и меѓународните организации. Колаборативните проекти, програмите за размена на знаење и заедничките напори за спроведување може да помогнат во споделувањето на најдобрите практики и зголемување на капацитетот на земјата да ги заштити своите шуми.

- ***Подобрување на транспарентноста и отчетноста:*** Спроведување транспарентни процеси за следење и известување за активностите за управување со шумите. Пристапот на јавноста до податоците и редовното известување може да помогне во градењето доверба и да ги повикаат институциите на одговорност, намалувајќи ги можностите за корупција.
- ***Проширување на иницијативите за пошумување и обнова***: инвестирање во проекти за пошумување за обновување на деградираните области, особено во региони како Малешевијата. Следбено, потребно е иницирање на партнерства со невладини организации и групи во заедницата за да спроведете активности за садење дрвја кои придонесуваат за секвестрација на јаглерод и обновување на биолошката разновидност.

Генерално, уништувањето на шумите во Малешевијата ги одразува пошироките предизвици во управувањето со животната средина, економската стабилност и отпорноста на заедницата. Додека владата направи напори да ги реши овие прашања, потребни се дополнителни чекори за да се обезбеди одржливо управување со шумските ресурси. Со усвојување на повеќестран пристап кој ги комбинира правните реформи, вклученоста на заедницата, технолошките иновации и меѓународната соработка, Северна Македонија може да направи значајни чекори кон зачувување на своите шуми и борба против еколошкиот криминал. Заштитата на овие вредни екосистеми не е само од суштинско значење за здравјето на животната средина, туку и за благосостојбата на идните генерации.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. Albulescu, A.C., Manton, D. Larion, and Angelstam, P. The winding road towards sustain-able forest management in Romania, 1989–2022, 2022
2. Alemagi, D. and Kozak, R.A. Illegal logging in Cameroon: Causes and the path forward. For Policy Econ, 12(8), pp.554–561, 2010
3. Blavascunas, E. Foresters, borders and bark beetles: The future of Europe's last primeval forest. Bloomington: Indiana University Press, 2020
4. Bösch, M. Institutional quality, economic development and logging: a quantitative cross-national analysis. European Journal of Forest Res, 140(5), pp.1049–1064, 2021
5. Bouriaud, L. Causes of illegal logging in central and Eastern Europe. Small-Scale Forest Economics, Management and Policy, 4(3), pp.269–91, 2015
6. Brantingham, P.L. and Brantingham, P.J. Environment, routine, and situation: Toward a pattern theory of crime. In: Routine activity and rational choice (pp. 259–294). Routledge, 2017
7. Buliga, B., and Nichiforel, L. Voluntary forest certification vs stringent legal frameworks: Romania as a case study. Journal of Cleaner Production, 207 (January), pp. 329–42, 2019
8. Cavanagh, C., Vedeld, P. O. and. Tradal, L. T. Securitizing REDD+? Problematising the emerging illegal timber trade and forest carbon interface in East Africa. Geoforum, 60, pp.72–82, 2015
9. Contreras-Hermosilla, A. Law compliance in the forestry sector: an overview. World Bank, Washington, DC, pp. 48, 2012
10. Davidescu, S., and Buzogany, A. Cutting deals: Transnational advocacy networks and the European Union timber regulation at the eastern border. The International Spectator, 56 (3), pp.105–18, 2021
11. Dragovic, N. Ristic, R., Pulzl, H. анд Wolfslehner, B. Natural Resource Management in Southeast Europe: Forest, Soil and Water, 2017
12. Duffy, R. War, by conservation. Geoforum, 69, pp.238–48, 2016
13. Dutta, A. Forest becomes frontline: Conservation and counter-insurgency in a space of violent conflict in Assam, Northeast India. Political Geography, 77:102117, 2020

14. Elvan, O.D. Forest offences in 21st Century Turkey (with the example for the offender and trial period of use of the forests in Istanbul). Int J Law, Crime Justice 42(4), pp.324–339, 2023
15. Gencay, G. and Mercimek, A. Public consciousness and influence of law on forest crimes: Insights from Kastamonu, Turkey. For Policy Econ 106:101978, 2019
16. Global Forest Watch, 2024 (https://www.globalforestwatch.org/map/country/MKD/?mainMap=eyJzaG93QW5hbHlzaXMiOnRydWV9&map=eyIwIjoiZSIsIjEiOiJ5IiwiMiI6IkoiLCIzIjoiaiIsIjQiOiJaIiwiNSI6IlciLCI2IjoiNSIsIjciOiIwIiwiY2VudGVyIjp7ImxhdCI6NDAuODE3NDEwNTcyNTcxMTA2LCJsbmciOjIxLjExODE4NDc2MDg4NzQxfSwiem9vbSI6Ni4xMDUyMzUwODk0MjAxMTYsImNhbkJvdW5kIjpmYWxzZX0%3D)
17. Grant, H., and Le Billon, P. Unrooted responses: Addressing violence against environmental and land defenders. Environment and Planning C: Politics and Space, 39 (1), pp.132–51, 2021
18. Hudson, R. The illegal, the illicit and new geographies of uneven development. Territory, Politics, Governance, 8 (2), pp.161–76, 2020
19. Jacoby, K. Crimes against nature: Squatters, poachers, thieves, and the hidden history of American conservation. Berkeley: University of California Press, 2014
20. Kishor, N. and Belle, A. Does improved governance contribute to sustainable forest management? J Sustain Forestry 19(1-3), pp.55–79, 2021
21. Kitteringham, G. Environmental Crime Control. In The Professional Protection Officer, 151–160. Oxford, England: Butterworth-Heinemann, 2020
22. Lang, Y., Gondo, P., and Moeini-Meybodi, H. Financing sustainable forest management: a key component of sustainable COVID-19 recovery. United Nations Department of Economic and Social Affairs, Decade of Action, Policy Brief No: 88, 2021
23. Lawrence, A., and Szabo, A. Ethics and culture in the forestry profession: Emergent changes in Romania. Silva Carelica, 49, pp.303–14, 2018
24. Le Billon, P. Peacebuilding and white-collar crime in post-war natural resource sectors. Third World Thematics: A TWQ Journal, 3 (1), pp.80–97, 2018
25. Le Billon, P., and Lujala, P. Environmental and land defenders: Global patterns and determinants of repression. Global Environmental Change, 65:102163, 2020

26. Li, R. Buongiorno, J., Turner, J.A and Zhu, S., and Prestemon, J. Long-term effects of eliminating illegal logging on the world forest industries, trade, and inventory. For Policy Econ, 10(7-8), pp.480–490, 2018
27. Lochner, L. and Moretti, E. The effect of education on crime: Evidence from prison inmates, arrests, and self-reports. Am economic Rev 94(1), pp.155–189, 2014
28. Mahanty, S. Shadow economies and the state: A comparison of cassava and timber networks on the Cambodia-Vietnam frontier. Journal of Contemporary Asia, 49 (2), pp.193–215, 2015
29. Margulies, J. D., Masse, F., and VandeBerg, B. Illicit geographies and contested environments: An introduction. Political Geography, 101:102818, 2023
30. Masse, F. Police power in green: Furthering political ecologies of the state. Political Geography 97:102627, 2022
31. Masse, F., and Lunstrum, E. Accumulation by securitisation: Commercial poaching, neoliberal conservation, and the creation of new wildlife frontiers. Geoforum, 69, pp.227–37, 2016
32. McSweeney, K. Prohibition geographies: Afterword to special issue on "Illicit geographies and contested environments." Political Geography, 101:102835, 2023
33. Milne, S. Cambodia's unofficial regime of extraction: Illicit logging in the shadow of transnational governance and investment. Critical Asian Studies, 47 (2), pp.200–288, 2015
34. Nixon, R. Slow violence and the environmentalism of the poor. Cambridge, MA: Harvard University Press, 2013
35. Opincaru, I. Elements of the institutionalization process of the forest and pasture commons in Romania as particular forms of social economy. Annals of Public and Cooperative Economics, 92 (1), pp.101–18, 2021
36. Ozden, S. and Ayan, S. Forest crimes as a threat to sustainable forest management. Sibirskij Lesnoj Zurnal\Siberian Journal For Science, 4, pp. 49–55, 2016
37. Peluso, N. L., and Vandergeest, P. Political ecologies of war and forests: Counterinsurgencies and the making of national natures. Annals of the Association of American Geographers, 101 (3), pp.587–608, 2021

38. Peluso, N. L., and Vandergeest, P. Writing political forests. Antipode, 52 (4), pp.1083–1103, 2020
39. Peluso, N. L., and Watts, M. Violent environments. Ithaca, NY: Cornell University Press, 2021
40. Petrova, S. Contesting forest neoliberalization: Recombinant geographies of “illegal” logging in the Balkans. Geoforum, 55, pp.13–21, 2014
41. Setiono, B., and Husein, Y. Fighting forest crime and promoting prudent banking for sustainable forest management. Centre for International Forestry Research (CIFOR) Occasional Paper No, 44, 2015
42. Springer, S., and Le Billon,P. Violence and space: An introduction to the geographies of violence. Political Geography, 52, pp.1–13, 2016
43. Stahl, J. The rents of illegal logging: The mechanisms behind the rush on forest resources in southeast Albania. Conservation and Society, 8 (2), pp.140–50, 2014
44. Thompson, S.T., Magrath, W.B. Preventing logging. For Policy Econ 128:102479, 2021
45. Tsing, A. L. Friction: An ethnography of global connection. Princeton, NJ: Princeton University Press, 2015
46. Van Schendel, W., and Abraham, I. Introduction: The making of illicitness. In Illicit flows and criminal things, Bloomington: Indiana University Press, 2016
47. Vasile, M. Fiefdom forests and authoritarianism: Timber barons and the limits of resistance in the Carpathian Mountains. Geoforum, 106, pp.155–66, 2019
48. Vasile, M., and Iordachescu, A. Forest crisis narratives: Illegal logging, datafication and the conservation frontier in the Romanian Carpathian Mountains. Political Geography 96:102600, 2022
49. Voicu, S., and Vasile, M. Grabbing the commons: Forest rights, capital and legal struggle in the Carpathian Mountains. Political Geography, 98:102718, 2022
50. Watts, M. Frontiers: Authority, precarity, and insurgency at the edge of the state. World Development, 101, pp.477–88, 2018
51. Wilson, L., and Boratto, R. Conservation, wildlife crime, and tough-on-crime policies: Lessons from the criminological literature. Biological Conservation, 251:108810, 2020
52. Woods, K. M., and J. Naimark. Conservation as counterinsurgency: A case of ceasefire in a rebel forest in southeast Myanmar. Political Geography, 83:102251, 2020

53. World Bank. Strengthening forest law enforcement and governance - addressing a systemic constraint to sustainable development. Report No. 36638-GLB. The World Bank, Washington D.C, 2016
54. Андов Р. Криза на екологизмот, стр. 70, 2020
55. Иван Стефановски, Александра Данаиловска, Мила Георгиевска. Пустошење на нашата иднина: Форми/Модели на организиран криминал во бесправната сеча во Република Северна Македонија, COBISS.MK-ID 53041157, 2020 (https://eurothink.mk/wp-content/uploads/2021/02/CIP-FINAL-Izvestaj-Drvokradci-%D0%9C%D0%9A.pdf)
56. Кире Шарламанов. Водич за еколошка антикорупција. ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија. Скопје, Декември 2023
57. Македонски информативен систем за шумски пожари - Макфис (https://mkffis.cuk.gov.mk/)
58. Марина Малиш Саздовска. Прирачник за истаги кај еколошки кривични дела,Факултет за безбедност, Скопје, 2013
59. Марина Малиш Саздовска, Еколошка криминалистика, стр. 88, 2007
60. МаринаМалиш Саздовска. Пустошење на шумите во Република Македонија. Зборник на трудови од III Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, 06-09.10.2007, Струга, 2008
61. Методија Ангелески и Борис Мургоски. Вовед во криминалистика, Факултет за безбедност, Скопје, 2017
62. Министерство за внатрешни работи (МВР). Проценка на закани од организиран криминал – Среднорочен преглед, 2023
63. Министерство за животна средина и просторно планирање. Шумарство анализа, 2022 (https://www.moepp.gov.mk/wp-content/uploads/2021/01/8_Sumarstvo-spoeno-2022.pdf)
64. Проф. д-р Марина Малиш Саздовска. Анализа на антикорупциската правна рамка во областа на животна средина. , ФЛОРОЗОН Центар за еколошка демократија, Скопје, Декември 2023
65. Р.Македонија. Закон за шумите (Сл. весник на РМ бр. 47/97), чл. 45, 2017

66. РЕФОРД - Регионален центар за шумарство и рурален развој. ФИФА – Борба против нелегални активности во шума. Скопје, 2023
67. Светлана Николоска. Економска криминалистика – коавтор, второ дополнето издание, Скопје, 2008
68. Светлана Николоска. Потребата од финансиски истраги за сторителите на кривични дела против културното наследство во Република Македонија, Зборник на трудови ,,Заштита на културното наследство,, Факултет за безбедност Скопје, 2010
69. Центар за правни истражувања и анализи (ЦПИА). Компаративна анализа на стратегии за справување со еколошки криминал, Скопје, Септември, 2021
70. Швајцарската агенција за развој и соработка. Пилот регионален план за унапредување на шумите во Малешевскиот регион (Берово и Пехчево) со акциски план 2020-2025, Програма за зачувување на природата, 2020
71. Шурбевски, Б. Здравствена состојба на шумите во Малешевско, unpublished. Шумарски факултет, Скопје, 2018

# ПРИЛОЗИ

*Прашалник бр.1 - Наменет за професионалци во заштита на животната средина, правото, политиката и безбедноста.*

Овој прашалник е наменет за вработени во шумската полиција, Националните шуми, судии, обвинители, претставници на невладини организации, претставници на општинскиот сектор од Малешевијата и експерти за еколошки криминал. Има за цел да собере сознанија за причините за уништување на шумите, предизвиците во спроведувањето и стратегиите за превенција.

1.Како би го оцениле моменталното ниво на опустошување на шумите во Малешевскиот регион?

a) Многу високо
b) Високо
c) Умерено
d) Ниско
e) Многу ниско

2.Кои се според вас основните причини за пустошење на шумите во Малешевскиот регион? (Изберете ги сите што се однесуваат)

a) Нелегална сеча
b) Недоволно спроведување на законите за животна средина
c) Економски притисоци врз локалните заедници
d) Недостаток на јавна свест
e) Корупција или недостаток на владеење
f) Друго (ве молиме наведете)

3.Колку ги сметате за ефективни актуелните закони и регулативи во борбата против уништувањето на шумите во Северна Македонија?

a) Многу ефикасни
b) Ефикасни
c) Неутрално

d) Неефикасни
e) Многу неефикасни

4.Кои се главните предизвици со кои се соочуваат институциите при справувањето на активностите со уништувањето на шумите? (Изберете ги сите што се однесуваат)

a) Ограничени ресурси и финансирање
b) Несоодветна обука или експертиза
c) Недоволна меѓуагенциска координација
d) Правни и регулаторни дупки
e) Политичко мешање
f) Друго (ве молиме наведете)

5.Според Вас, каква улога играат невладините организации во спречувањето на пустошењето на шумите во Малешевскиот регион?

a) Главна улога
b) Умерена улога
c) Мала улога
d) Немаат улога
e) Не сум сигурен

6.Кои акции сметате дека би биле најефективни за спречување на пустошот на шумите во Малешевскиот регион? (Изберете ги сите што се однесуваат)

a) Зајакнување на мерките за извршување
b) Зголемување на казните за незаконски активности
c) Зголемување на кампањите за подигање на јавната свест
d) Поддршка на иницијативи за одржливо шумарство
e) Зголемување на вклученоста на заедницата во зачувувањето
f) Друго (ве молиме наведете)

7.Како би го oцениле нивото на соработка меѓу владините тела и невладините организации во борбата против уништувањето на шумите?

a) Одлично
b) Добро
c) Фер
d) Слабо
e) Многу слабо

8.Кои дополнителни ресурси или поддршка би биле од корист за агенциите во справувањето со еколошките злосторства поврзани со шумите? (Изберете ги сите што се однесуваат)

a) Зголемено финансирање
b) Засилени правни рамки
c) Напредни програми за обука
d) Подобрена технологија за следење
e) Иницијативи за ангажман на заедницата
f) Друго (ве молиме наведете)

9.До кој степен мислите дека локалните заедници го разбираат влијанието врз животната средина од уништувањето на шумите?

a) Многу добро
b) Добро
c) Умерено
d) Лошо
e) Воопшто не разбираат

Кои дополнителни чекори треба да преземат владата и локалните власти за да се намалат еколошките злосторства поврзани со уништувањето на шумите? (Отворено прашање)

*Прашалник бр 2: Наменет за локални жители во Малешевскиот регион*

Овој прашалник е дизајниран да ги долови перспективите на локалните жители за уништувањето на шумите во Малешевскиот регион. Ќе собере увид во нивната свест, перцепции и ставови кон зачувувањето и превентивните напори на заштита на шумите од пустошење.

1.Колку сте свесни за моменталната состојба на уништување на шумите во вашето подрачје?

a) Многу сум свесен
b) Свесен сум
c) Донекаде свесен
d) Не сум свесен
e) Воопшто не сум свесен

2.Според Вас, кои се главните причини за пустошење на шумите во Малешевскиот регион? (Изберете ги сите што се однесуваат)

a) Активности на нелегална сеча
b) Економски тешкотии
c) Недостаток на спроведување од страна на властите
d) Недоволна свест за влијанието врз животната средина
e) Друго (ве молиме наведете)

3.Колку сте загрижени за влијанијата врз животната средина од уништувањето на шумите врз вашата заедница?

a) Многу сум загрижен
b) Загрижен сум
c) Донекаде загрижен
d) Не сум загрижен
e) Не сум сигурен

4.Кои се негативните влијанија од уништувањето на шумите што ги забележавте во вашата заедница? (Изберете ги сите што се однесуваат)

a) Губење на биодиверзитетот
b) Ерозија и деградација на почвата
c) Зголемени поплави
d) Намален пристап до природни ресурси
e) Влијанија врз здравјето
f) Друго (ве молиме наведете)

5.Колку мислите дека активностите на нелегалната сеча придонесуваат за уништување на шумите во вашата област?

a) Во голема мера
b) До одреден степен
c) Во ограничен обем
d) Воопшто не придонесуваат
e) Не сум сигурен

6.Дали сметате дека локалните власти прават доволно за да го спречат уништувањето на шумите во вашата заедница?

a) Да, тие прават доволно
b) Тие прават некои работи, но не доволно
c) Не, тие не прават доволно
d) Не знам

7.Што мислите, какви активности треба да се преземат за да се намали уништувањето на шумите во вашата област? (Изберете ги сите што се однесуваат)

a) Построги закони и прописи
b) Зголемени казните за дива сеча
c) Кампањи за подигање на јавната свест
d) Вклучување на заедницата во заштита на шумите
e) Владини инвестиции во одржливо шумарство
f) Друго (ве молиме наведете)

8.Дали би биле спремни да учествувате во програми за заштита на шумите базирани во заедницата доколку се достапни?

a) Да
b) Не
c) Можеби

9. Како ја оценувате важноста на зачувувањето на шумите за благосостојбата на вашата заедница?

a) Многу важна
b) Важна
c) Умерено важна
d) Не е важна
e) Не сум сигурен

10. Дали имате предлози за тоа како ефикасно да се реши уништувањето на шумите во вашата област?

(Отворено прашање)